СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 24-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6.09.1995 год.**


1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 17
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР- 7,19,50,31,33,38, 48 67,80,83,89,94
3. ДАВЧЕВ САНДЕ-15,53
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 99, 101
5. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 106,108
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 50, 88
7. МЕШКОВ ЉУПЧО - 8, 27
8. МАТЕВСКИ ДРАГАН - 16, 34
9. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 6, 89
10. НАУМОВСКИ СИМОН -12
11. НАСЕВ ПАНЧЕ - 40, 55, 58, 68
12. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 44, 65
13. ОСМАНИ РУФИ - 14, 29, 30, 31, 33, 38, 45, 48, 51
14. ПЕЦОВ МИРКО - 17, 56
15. ПАУНОВ ТЕОДОСИЈЕ - 54, 65, 84, 86
16. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 76, 78
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 93, 105, 108
18. РАМАДАНИ ХИСЕН - 81
19. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 13, 14
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 19
21. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 23
22. ТРАЈКОВ РИСТО - 36, 69
23. ТРПЕНОВСКИ Д-р ДИМИТАР - 78, 90, 105
24. ТАИРИ МЕВЉАН - 104
25. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 107, 108

точка 2 на стр. 1
точка 3 на стр. 24
точка 4 на стр. 71
точка 5 на стр. 73
точка 6 на стр. 74
точка 7 на стр. 78
точка 8 на стр. 84
точка 9 на стр. 90
точка 10 на стр. 93


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 24-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6.09.1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да се известат двете комисии кои што работат, да прекинат со работа и да дојдат на седницата на Собранието.

Да продолжиме со работа.

Пратениците Стојан Андов, Киро Поповски, Ристо Николовски Славко Котевски и Љупчо Беличев, Николина Трајановска, Борис Костајчев, Иван Бојков, Маријан Начевски и Владо Давитковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Вчера застанавме кај општиот претрес по предлогот за изменување  и дополнување на законот за акцизи.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Ние вчера завршивме со тоа, со одлуката дека денес можеме да расправаме и за Предлогот за донесување на закон.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

I/2/ПЈ/лј

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 6 во новиот член 14-а, став 2 и на член 6 во новиот член 14-б за менување на ставот 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 10 за додавање нов став 4-а, по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Аце Коцевски поднесоа амандмани на член 6 во новиот член 14-а, став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски поднесоа амандмани за додавање нов член, пред член 1 за додавање нов член 2-а, за додавање два нови члена 4-а и 4-б за додавање нов член 4-а и на член 6 за менување на став 2 во новиот член 14-б, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев, Ристо Трајков, Ристо Масев, Борис Павлов, Митко Илиевски, Кирил Спасовски, и Владе Давитковски поднесоа амандман на член 14-б, став 3 по кој Владата не се произнела Пратениците Симон Наумовски и Санде Давчев поднесоа амандман на член 6 во новиот член 14-б, став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Симон Наумовски и Санде Давчев поднесоа амандман на член 6 во новиот член 14-б, став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Чифлиганец, поднесе амандман на член 10 за додавање нов став 4-а по кој Владата не се произнела, но истиот го повлече.

Пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Митко Илиевски, Кирил Спасовски поднесоа амандман на член 14-б, став 3 по кој Владата не се произнела.

Во меѓувреме Комисијата за стопанство го повлече амандманот на член 10 за додавање нов став 4-а и поднесе нов амандман на истиот член по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски поднесоа амандмани за бришење на член 6, член 5, за бришење на член 12 и на член 11 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член пред член -а, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Бузлевски има збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член пред член А, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски има збор.

I/4.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 2-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Влада да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата и овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додаваше нов член 4-а поднесен од пратениците, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена, 4-а и 4-б, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 4-а и 4-б, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

I/6.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас морам да се извинам што ние по однос на овој амандман кој што го имаме поднесено сега и во меѓувреме затоа излеговме некои дополнувања правиме, но во основа се состои во следното. Сите амандмани кои што досега беа поднесени од групата пратеници од Либералната партија, нивната основа се состои во изедначување на обврзниците на акцизи односно произлегуваат од основните начела на законот за акцизи, а тоа е да во со овие измени се дојде во ситуација обврзник на акцизите да биде само производителот односно увозникот на одредени производи. Од тие причини не излегувавме да ги образложуваме секој амандман посебно и во меѓувреме преку службата интервениравме до овој амандман кој што е поднесен да се дорасчисти. Имено, се работи за измена на член 6 од постојниот закон за акцизи кој што е, односно од основниот закон за акцизи, така што таа забуна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам, но расправаме по амандманот на член 5.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Во ред, амандманот кој што го имаме поднесено, тоа е овој. Јас се согласувам дека расправаме се согласувам по членот 5, но јас во образложението кажав дека сите измени односно сите амандмани кои што ги имаме поднесено се меѓусебно поврзани, така што се надополнуваат еден со друг. Така, не логички ќе биде да се избрише член 6 од основниот закон ако веќе не се усвои членот 5, измената во членот 5, која што ние ја предлагаме. Заради тоа сметам дека треба од

претставникот на Владата да се даде образложение зошто сите овие амандмани не се прифаќаат, мислам дека можеме да седнеме и да разговараме во однос на образложението зошто тие не би се прифатиле. Инаку, нелогички е после тоа и членот 6 кој што предлагаме да се брише, доколку не се усвојат претходните измени кои што ние ги имаме предложено.

Јас уште еднаш ќе напоменам дека ние ги предложивме овие амандмани, затоа што сметаме дека предложените измени кои што се со предлогот за измените на законот за акцизи се спротивни од основното начело за да се плати акцизата во една фаза на производот. Сметам дека со измените кои што се предложени се ставаат во нерамноправна положба производителите и увозниците на алкохолни пијалаци и во кафе и луксузни производи по однос на производителите односно увозници на останатите производи кои што се наведени во член 4 од основниот закон. Сметаме дека доколку не се усвојат оние амандмани, ова неповолно ќе се одрази на производителите на овие производи во нашата земја. Од тие причини ги предлагавме овие амандмани и тие меѓусебно се поврзани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што се бараше образложение од претставникот на Владата должност ми е на кратко тоа да го поднесам. Во сите овие досега предложени амандмани се предлагаше измени кои што се однесуваа на изедначување на условите за наплата за акцизим, како што се плаќаат кај нафтата, нафтените деривати и цигарите, за алкохолните пијалоци, кафето и луксузните производи. Образложението е следно. Има една огромна разлика во приодот кон пресметување на акцизите, а тоа се состои во следното. Кај нафтата и нафтените деривати и цигарите

I/8.-

имаме оформена малопродажна цена, која што е крајно дефинирана и на која што се пресметува акцизија. Значи, како основица за пресметување на акцизи служи таа малопродажна цена. Додека кај овие другите видови на производи имаме во прва фаза наплата на акцизи на местото на производство, значи кај производителот, а во следните фази, кои што всушност значат и промена на цената во прометот на големо и на мало се плаќа акцизи на додатната вредност, т.е. на маржата како цена на услугата, која што тие ја пресметуваат. И ова е тој современ приод кон преод на тој начин на наплата на акцизи, кои што е важечки, не само кај нас, туку и пошироко и кој што е прифатен како таков во својата ефикасност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ако е така како што објасни министерот би сакал да поставам три прашања.

Прво, дали е собран ист износ по основ на акцизи од производителот и останатите учесници во прометот и молиме тоа ако може да се презентира со конкретни износи.

Второ, дали постои разлика во ставање во промет и услуги на различни видови производи. На пример, алкохолни пијалоци, пиво, кафе, луксузни производи и останати производи.

Трето, колку средства по основ на акцизи е собрано за Скопје, а колку во Република Македонија и дали со постојниот број на инспектори може да се оствари целосна контрола.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова се суштински прашања кои што по моја оценка не се однесуваат на одредбите од законот, туку на активностите во претхо-

дниот период околу неговата реализација. Бидејќи во основа ние концепциски не менува тука ништо, а како одговор краток на првото прашање, дали се собрани ист износ на средства, не може да се собрани исти износи на средства, затоа што основицата на која што се пресметуваат акцизи е различна. Кај производителот имаме основица како производна цена. А, во понатамошната продажба имаме акцизи само на додатната вредност на делот од маржата. Така, ист износ на акцизи не може да се собере. Анализите можат да се презентираат и тоа во згодна прилика Министерството за финансии преку Владата треба тоа да го презентира при расправите околу остварувањето на буџетот, како и територијално се прибираат тие средства, но тие анализи во себе бараат и дополнителни анализи. Од спецификите на територијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

16 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 14-а став 1 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 во новиот член 14-а став 1 поднесен од пратениците Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Аце Коцевски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 2 во новиот член 14-б поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

II/2.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (18 пратеници )

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на став 2 во новиот член 14-6 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците Драган Горгиев, Ристо Трајков, Ристо Масев, Борис Павлов, Митко Илиевски, Кирил Спасовски и Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

II/3.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците Драган Ѓоргиев, Ристо Трајков,Ристо Масев, Борис Павлов, Митко Илиевски, Кирил Спасовски и Владе Давитковски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците Симон Наумовски и Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој е сличен амандман како и претходниот. И овој амандман Владата не го прифаќа.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Без разлика што на претходните колеги им беше одбиен амандманот со иста содржина на истиот член, на истиот став, нешто само различен во дефинирање на вредностите и роковите, сакам да ја образложам целта на амандманот, па повелете како мислите гласајте. Сметам дека треба да влезе во законот. Наиме, со членот 14-в од предложениот закон кој денес го гласаме е дефиниран само патот како ќе се повраќаат акцизите, или како увозникот ќе биде ослободен од акцизите во случаи кога некои од цитираните производи во членот бидат извезени. Сосема е во ред патот како треба да се враќаат, меѓутоа не е воопшто дефинирано времето кога да се вратат и последиците доколку навреме не се вратат средствата. Да спомнам дека во Законот кој денеска го гласаме и во Законот кој досега се применува стоеше клаузула и стои редовно министерството ја применува, инспекцијата ако стопанските организации навреме не ги платат акцизите следува казнена камата која не е баш мала а во случајов на законот е 05% дневно. Со

предложениот став, односно со предложеното дополнување од мене и од колегата Санде Давчев го регулираме прашањето Владата да презема обврска да средствата од извршениот извоз, од средствата на платените акцизи да ги врати во рок од 30 дена од доставување на документација за повраќај на средствата и ако тоа не го стори за секој нареден ден на доцнење да плаќа камата од 0 5%, исто онака како што ние плаќаме ако навреме не ги платиме своите обврски. Чисто се залагам за еден крајно рамноправен третман на субјектите по овој закон. Инаку реков, потполно е по содржина ист како претходните пратеници кои имаат дадено амандман.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сакам да кажам следното, бидејќи има неколку амандмани во оваа смисла во законот во врска со определување на роковите на механизмите што се определуваат во однос на обврските што ги има државата, што се пропишуваат во нормативниот дел на законот. Всушност се тргнува од погрешната теза дека се работи за рамноправни субјекти кои меѓу себе создаваат права и обврски. Овде не се работи за рамноправни субјекти, туку државата обезбедува нормативен пристап на кој начин субјектите кои се обврзници даночни и механизам за обезбедување на обврските што произлегуваат од таа норматива. Во тој случај не може да се обезбеди , да се бара исто така од државата обезбедување на механизам спрема субјектите кои:: се обврзници. Тоа е спротивно на природата на правниот однос кој се сака да се создаде со нормативниот дел на овој закон. Мислам дека пратениците влегуваат оние кои инсистираат на вакви решенија влегуваат во една правна противречност, не се работи за договорен однос, туку се работи за присила која ја наметнува; државата со нормативен акт. Според тоа не

може да се разговара за обезбедување и на обврските на државата за механизам,за внесување на механизам за обезбедување на обврски на државата дека таа ќе го прави во тој и тој рок. Претпоставка е претходна нужна и неизбежна дека државата она што се обврзува со закон ќе го исполнува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко ќе дадам едно алтернативно толкување во однос на г-динот Наќе Стојановски. Овде суштината на предлагачот не е она што г-динот Наќе го кажа , туку се состои во следното. Ако при евентуално барање на поврат на акцизата во државната каса да кажеме нема пари, додека во меѓувреме е донесено решението , а тие пари кои припаѓаат на одреден субјект лежат и ќе сеповратат да кажеме со одредено задоцнување. Каде е сега надокнадата од аспект на она што предлагачот го бара, а да кажеме за тие средства, да кажеме тој предлагач можеби бил присилен или да позајмува финансиски средства па да плаќа позитивна камата многу поголема. Значи се работи за момент откако ќе се донесе решението па да кажеме откако е донесено решението ако навреме не се поврати акцизата, односно не се повратат парите да се пресметува на база на реципроцитет. Ако субјектите плаќаат казнена камата при задоцнување при плаќање на акцизата обрнато да важи и за државата ако неправилно ги држи парите на правните лица. Тоа е суштината г-дине Наќе. Јас наполно го поддржувам овој амандман.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакав да ја објаснам правната природа на односите кои настануваат помеѓу државата и субјектите од другата страна дека не се

работи за рамноправни субјекти и дека не се работи за договорен однос. Само толку. И притоа кога одлучив да дојдам на оваа говорница да го кажам тоа не очекував да сите пратеници го разберат тоа, најмалку оние кои имаат елементарни познавања од правото.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас во суштина се согласувам со последната констатација на г-динот Наќе дека можеби имам елементарно непознавање од правото. Јас овде ќе кажам дека г-дин Наќе Стојановски нема воопшто никакво елементарно познавање од економијата. Суштината не е во овој амандман во правото, суштината е во економијата, г-дине Наќе Стојановски и таа економија да кажеме со овој амандман што се предлага цели да ги штити интересите на стопанството во случаи кога државата не ја исполнува обврската кон тие правни лица, односно економијата. Значи во однос на правото мене ми е сосема јасно дека не сум компетентен, но би рекол дека Вие уште помалку сте за економијата, без навреда.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да кажам дека ние не образлагавме обврзници, бидејќи сметавме дека обврзник за плаќање е субјектот, а обврзник за враќање е државата. Така да има обврзници и за една и за друга работа. Јас станав да кажам дека ако се гледа од економска гледна точка овој амандман требаше и Владата да го предложи. Сега е прашање дали Владата е спремна, односно Министерството за финансии е спремно да ги враќа овие пари во овој момент , или да рече сега бидејќи државата не може ова да го обезбеди , ќе го пролонгираме за некое друго време, бидејќи амандманот не е нешто идеално што не може да се разбере и не е нешто што не треба да се врати.

II/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Во прилог на стопанството и на економијата, сакам да дадам свој прилог во интерес на овој амандман да се усвои ако е можно од пратениците. Правната природа на создавање на односите меѓу државата и правните субјекти е правна материја и Наќе во тој поглед е потполно во право и тука нема еднаквост, да се разбереме. Се знае кој носи закони, кој пропишува услови , а кој треба да ги извршува. Меѓутоа има еден друг момент кој што е многу битен, рокот кога државата засметува затезна камата при неизмирување на акцизните давачки, или данок на промет и рокот на враќањето. Според овие решенија кои што се дадени во законот роковите за враќање не се пропишани. Што значи дека државата ќе се држи при носење на решенијата според законот за општа управна постапка која важи. Што значи тоа се рокови кои што се 30, па уште жалби до 60 дена и т.н. и пролонгирање во недоглед при поврақај . При носење на самото решение во тој смисол може да се донесе и усвои амандман државата да го прецизира рокот на поврақај на акцизата, или данокот на промет кој што е наплатен од правниот субјект, бидејќи и во другите правни системи во државите тоа нешто постои. Само ќе Ви напоменам, а сигурно Министерството за финансии знае дека такво нешто се применува и во Бугарија и за секоја стока која што влегува, или излегува од Бугарија се наплаќа 18% акциза која што акциза кога ќе излезе стоката, државата е должна во рок од 15 дена е пропишано со истиот закон државата да го поврати на правниот субјект кој го платил. Тоа се работи за реекспортни стоки. Овде не се работи конкретно за реекспортни стоки, меѓутоа исто така државата мора да може и овој

II/8.-

Парламент може слободно да пропише и нема никаква правна пречка, или да е во спротивност на природата на правниот однос кој се создава помеѓу државата и правните субјекти да рокот на враќањето биде ист како што и данокот на наплаќањето. Државата е должна да донесе во тој рок решение и да ја поврати платената акциза, или данокот на промет. Инаку другите односи мислам дека можеме да дискутираме, меѓутоа како стопанственици не сме во право.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам ќе стане претседателот на Законодавно - правната комисија исто така малку да помогне во таа расправа, бидејќи кога се работеше на Законодавно - правната комисија тоа го зборувавме со претставниците од финансии дека оваа работа треба да се расчисти и дека треба да стои некоја обврска и на другата страна Не може да стои така празно. И тие објаснија дека тоа ќе биде веднаш, меѓутоа тука не стои ниту веднаш, ниту 15 дена, ниту 30 дена. Мислам дека сепак тие ветија дека тоа ќе го решат. Стана збор можеби повторно да излезат и да го објаснат тоа и нешто да прифатат од тоа. Мислам дека е фер да се прифати од другата страна нешто.

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:**

Пред да се изјаснам дека го подржувам амандманот, ќе кажам неколку збора што денеска усвојуваме. денеска ние усвојуваме, односно расправаме за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за акцизи. Во образложението на овој предлог е речено дека државата, односно Владата во наплатата на одредени давачки кон државата наидува на потешкотии. И со право предлага закон со кој настојува тие потешкотии законски да се регулираат за да можат да се наплатат навреме. Меѓутоа, се плашам дека Владата сега во моментот

со ова оправдување што го чини тука со тоа што се изјасни дека не го прифаќа амандманот, мислам дека сака да крие нешто друго. А што е тоа? Сака да се оправда за својата немоќ дека не сака да работи. Ако бараме од една страна да работиме, тогаш зошто сакаме да не работиме. Тоа го велам од таа причина што не сака да прифати обврска дека треба да донесе решение и да ги врати парите на стопанството ако ги има веќе земено. Кои се причините да не се враќаат, зошто да се доведува стопанството во нерамноправна положба. Мислам дека оправдување нема. Од една страна кажуваме дека треба да се платат и сигурно ќе добие поддршка законот, од друга страна не сакаме да работиме. Молам, администрацијата, владината администрација, во министерствата треба да се нафати да работи. И би додал тоа дека причината за ненаплатата на акцизите па и на данокот на промет што лежи беше речено , таму и новинарите запишаа за некои организации, заправо лежи во немоќта, односно не сакањето да работат луѓето од одредените министерства, а не од друго. Закони има доста, основа има доста, меѓутоа не сакаме да работиме, не сакаме да се замериме, или пак нешто друго е. Ако е нешто друго и тоа треба да се каже. Јас немам докази, меѓутоа ако Владата има докази па и тоа. треба да го чини. Според тоа, мислам дека ова треба потполно да се прифати бидејќи така ќе дојдеме во рамноправна положба. Мора да се постават субјектите во рамноправна положба.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не би се осврнал по овој општ претрес по овој член и за Законот, би бил малку поконкретен, едно е прашањето на носењето на решенија за повратна платена акцизија и тоа рокови кои што се предвидени за носење на тоа решение, а кои што се обработуваат соодветно, каде што му е место, законска регулатива. Прашањето на реализација на тоа решение е прашање каде што се нудат можности по овој член 14-в.

Анализите кои што се направени во Министерството укажуваат на тоа дека досега скоро во 99 случаи повратот, значи користењето на поврат на платени акцизии или даноци на промет се прави веднаш после носењето на Решението со соодветен налог кој што се поднесува во Заводот за платен промет од Службата за јавни приходи.

Определувајќи се за тоа Владата да не го прифати овој амандман имавме во предвид една таква ситуација дека тоа се прави во разумни или како што беше и на Комисија кажано од претставниците на Министерството за финансии веднаш, па за да не ги доведеме корисниците и да не ја раскомотиме управата тоа да го прават по 45 дена, ние не го прифаќаме овој амандман.

**СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР:**

Јас мислам дека помеѓу нас повеќе нема разлики, г-динот министер апсолутно го прифаќа со неговата дискусија нашиот амандман, мислам дека се работи, баре јас наслутувам, дека можеби се работи за техничка неподготвеност за да може Министерството односно државната администрација да донесе во тој рок такви решенија каде што може да ги поврати средствата.

Мислам дека овој амандман треба да се прифати и конечно да ја ставиме државната администрација во една дисциплинирана положба и ова да биде межник од каде што треба администрацијата да знае дека своите обврски спрема субјектите мора да ги извршува исто така како субјектите према неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара зор? (нема)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (43 пратеници) Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 6, во новиот член 14-в.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот на член 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците: Симеон Наумовски и Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот на членот 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците : Драган Георгиев, Борис Павловски, Митко Илиевски и Кирил Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(ниту еден) Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 во новиот член 14-в став 3 поднесен од пратениците: Драган Георгиев, Борис Павлов, Митко Илиевски и Кирил Спасовски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 4-а поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратениците: Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. 20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 поднесен од пратениците: Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од пратениците. Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе .

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 12 поднесен од пратениците: Слободан Најдовски, Љупчо Мешков, Аце Коцевски, Кире Видимче и Слободан Даневски.

Продолжуваме со претрес на текстот по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор ?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Но, пред тоа, молам да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Молам да се извести претседателот на Комисијата за образование веднаш да ја прекине седницата на Комисијата и пратениците да дојдат во салата.

Објавувам пауза од 30 минути и ги молам координаторите на пратеничките групи да ги обезбедат пратениците точно во 13 часот за гласање.

(Паузата започна во 12,30 часот).

IV/1 JJ/ЛБ

(по паузата седницата продолжи во 13,35 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи ја заклучив расправата, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Се бара процедурално прашање.

Има збор г-дин Пецо Стојановски.

**ПЕПО СТОЈАНОВСКИ:**

Господин потпретседателе, почитувани пратеници бидејќи нашиот Парламент се грижи за воспоставување на комплетна процедура во Републиката, во Државата мислам дека кај нас не се почитува, токму во Парламентот никаква процедура. Јас исто така би го опоменил, вака не може да не се другарски  потпретседателот не може да не се опомени претседателот на Комисијата за образование или што се држеше, кои воведуваат процедури во образованието за време на одржувањето на седница на Парламентот да се држи седница и на Комисија. Мислам дека тоа се многу нерегуларни работи што значи дека немаме никаква процедура, а значи не гледа и државата и дека со идните закони и со идните редови и наши примери значи треба да воспоставиме ред во цела држава.

Така да мислам дека тоа е многу несериозна работа и кај нас во Парламентот користиме два дена мислам наместо еден да користиме кога може и пратеник и министри вчера да реметат процедурата. Мислам дека сепак мора да постои процедура и ние мора да се обидуваме процедурата до крај да ја спазуваме, бидејќи како ќе се спазува процедурата во државата ако го гледаат нашиот пример. Нека никој не се лути, но има претседатели пред пет години гледам мојата Комисија одржала седница на 31 август, пред пет дена и процедурата пред пет дена на седницата на Парламентот да се држи седница на комисиите и

за тие пет дена да се направат извештаи, а не да се држат седници на комисиите кога е и седницата на Собранието. Има и други такви примери уредни, и неуредни. Затоа мислам дека треба да се воведе ред, да има права процедура да се почитува па да се изрекуваат и некои мерки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако интервенцијата е умесна, процедура имаме, па да ја почитуваме сите. Кога има седница на Собранието, приоритет е седницата а се друго е во втор план. За тоа нема дилеми.

Ве молам минуваме на гласање - Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Четириесет и седум пратеници гласаа за.

Дали има некој против.

Пет пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање.

14 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за акцизи.

Минуваме на **третата точка**- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за данокот на промет за производи и услуги со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за данок на промет на производи и услуги.

Кој е за молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против ? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето ( никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 22 член 48, член 49 став 1 и на член 50, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 19 став 5, член 20 став 1, член 23, став 1, член 47 за додавање нов став 2-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандмани на член 4 став 2, точка 1, член 19 за додавање нова точка 9 за бришење на член 20 и за бришење на член 46 , по кои Владата не се произнела.

IV/4

Пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Љупчо Мешков поднесоа амандмани на член 3 во новиот член 4-а и на член 27 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николоски поднесоа Амандман на член 12 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандмани на член 7 во новиот член 6-а точка 2 член 17 став 2, член 20 став 1, член 23 став 1, член 26 за додавање нов став 3 по ставот 2 за менување член 27 и на член 29 во новиот став 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиевски, Ристо Мацев поднесоа амандман на член 4 став 1 и за менување став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев, Ристо Трајков, Борис Павлов, Ристо Мацев, Ристо Илиевски, Кирил Спасовски и Владе Давитковски поднесоа амандман на член 3 став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Санде Давчев и Симеон Наумовски поднесоа амандмани на член 35 став 1 и на член 36 во новиот член 54-а став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Митко Илиевски, Киро Спасовски поднесоа амандман на член 3 6-а став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Бојков поднесе амандман на член 17 став 2 за додавање нова точка 14 а пратеникот Тодосие Паунов поднесе на член 16 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодосие Паунов поднесе амандман за бришење на член 16 и на член 47 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панче Насев поднесе амандман на член 36 став 1 за додавање нов член 54-в по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 4-а поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ Аце Коцевски и Љупчо Меков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? има збор г-дин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитувани пратеници, може би сега е депласирано зашто по однос на ова дискутиравме во претходниот закон, меѓутоа немаше образложени и би сакал да кажам две три реченици.

Предлагаме во овој член да се воведе уште една реченица со која ќе се каже дека обезбедувањето на плаќањето ќе се изврши со банкарска гаранција. Сметаме дека банкарската гаранција е вообичаена практика во финансиското работење и нема никаква штета ако постои во одредбите на законот. Ова го велам пред се поради тоа што на седницата на Комисијата министерот се согласи со ваквата забелешка што е дадена во предложениот амандман меѓутоа не прифати тоа да стои во законот туку рече дека тоа се подразбира и дека тоа ќе биде пообразложено во Упатството што ќе се донесе. Меѓутоа, сметам како правник дека во работењето е битно она што е напишано во законот а не што некој мисли или што пишува во некое упатство. За тоа беше предлогот она што е вообичаено и се работи и нема штета да стои со одредбите на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор по амандманот? (никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (26)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 во новиот член 4-а поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ Аце Коцевски и Љупчо Мешков.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и за менување на став 2 поднесен од пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиевски и Ристо Мацев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Четири пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 и за менување на став 2 поднесен од пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиевски и Ристо Мацев.

Отворам претрес на амандманот на член 4 став2 точка 1, поднесен од пратеникот Николина Трајановска,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор ? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

IV/7

Кој е за молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2 точка 1 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 6-а точка 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, со оглед на тоа што сметаме дека во овој Закон не треба да го оптоваруваме текстот со повикуваше на друг закон. Со подзаконски акти ќе се прецизира што се подразбира под безготовинско плаќање, а со тоа ќе биде така регулирано, тоа да биде потранспарентно за даночниот обврзник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас во оваа прилика само накратно ќе кажам дека предложениот амандман има смисла да ги усогласи овие предложени решенија со решенијата што се вградени во Законот за финансиско работење. И јас барам од страна на предлагачот да образложи овде што подразбира под поимот без готовинско плаќање. Инаку како што е дефинирано во предложените измени тоа значи дека сите правни лица се обврзани да извршат пренос на финансиските средства од својата сметка во корист на сметка на добавувачот. Значи автоматски на тој начин инструментот за плаќање компензација, цесија, асигнација и др. што се предвидени со законот за финансиско работење се елиминираат.

Јас мислам дека овие работи мора да се земат предвид од причини што ние добро знаеме ако имаме деловна соработка, ние не мораме меѓусебните побарувања и обврски да ги плаќаме со ефективни финансиско средства, бидејќи со Законот за финансиско работење пос-

тојат такви алтернативи што се општо познати во светот. Значи целта на амандманот е да се усогласи ова решение со решението што постои во Законот за финансиско работење. И според мое размислување и толкување на законот за финансиско работење тоа не може да биде предмет на некој подзаконски акт, кога се работи за овој закон. Јас сметам дека предлагачот би требало да го прифати овој амандман од причини зашто се работи за усогласување на два прописа особено за вградување на тие решенија од Законот за финансиско работење од доменот на финансиите односно плаќањето кое пак е многу битно за плаќањето на данокот за промет.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прво одредбите од овој закон во целост се усогласени со Законот за финансиско работење.

Второ, имам една ситуација во која што треба работите да ги ставиме на право место и да дадеме соодветен приказ на тоа какви се тие. И во услови на безготовинско плаќање со користење на формите цесија, договор за компензација, сепак настанува промена на жиро сметката, бидејќи тој договор го следи и соодветен налог. Тоа не е образецот 42 туку тоа се тие жолти налози кои се уште функционираат а кои што се однесуваат на промена на дневните состојби со реализација на тие договори.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само ова ќе го кажам, образложението што господин министерот го даде не е усогласено со дефиницијата што е дадена во заградата. Овде пишува "со вирман од жиро сметка на купувачот, на жиро сметка на продавачот". Жолтите налози што ги спомнува од аспект на асигнација, компензација не го подразбира тоа. Тие во суштина се само пресметка само во сметката на една фирма . Значи немаме ефективен пренос на финансиски средства од едно претпријатие во друго.

Затоа би предложил на предлагачот или да го усвои мојот амандман или она што е во заграда да го избрише и дури после може да се даде толкување во подзаконски акт што се подразбира под пренос на средства односно безготовинско плаќање. Јас мислам дека предлагачот ќе се согласи со ова мое размислување бидејќи овие работи на десет години во практика ги имам работено и во некоја смисла малку ги познавам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека отворам една расправа која што практично многу ефикасно ќе се разреши со подзаконскиот акт и каде што му е местото тоа така да се изрегулира.

Инаку ако станува збор за дистрибуција на тие налози кои што имаат посебни обележја во платниот промет, сепак самата промена на жиро сметката кај купувачот повлекува промени на жиро сметката и кај другиот партнер.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас барам извинување од колегите но толкувањето на г-динот министер не е точно од проста причина, затоа што ако немаме ние ефективно пренесување на финансиски средства од една сметка на еден правен субјект на сметка на друг правен субјект, тоа не значи дека има промена во состојбата на финансиските средства кај едниот или кај другиот.

Во случајот, каде ми е мене поентата? Поената ми е во инструментите за финансирање односно безготовинско плаќање регулирани со компензација, асигнација, цесија и понатаму каде имаме пребивање на меѓусебни побарувања и обврски. Што во суштина значи нема потреба одредени правни лица да префрлуваат ефективни финансиски средства од една сметка на друга. И тука немаме промени,

IV/10

на состојбата во жиро сметката на двата коминтента, тоа значи кај купувачот и ка добавувачот. Тоа е вистината и нема нешто друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Самиот факт што сите тие дејанија кои имаат во својата содржина сметководствена техника упатува на промена на салдата на конто 120 и 220 што крајно резултира после тие дејанија.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ве молам, уште овој пат и повеќе нема да излезам да го толкувам овој амандман, но ќе го прочитам решението што е предложено во измените, кое гласи: "Со вирман од жиро сметка на купувачот на жиро сметка на продавачот". Значи тоа подразбира ефективен пренос на финансиски средства. Ова е веќе нешто друго. Тоа значи ние да се спориме од аспект на тоа што значи асигнација, компензација и други работи. Затоа, предложив или да се прифати мојот амандман или пак предлагачот да изврши корекција односно да отпадне формулацијата која е дадена во загради и така се расчистува овој проблем.

Уште нешто да кажам. Она што го толкуваше господинот Димитар Бузлевски, треба нешто да расчистиме. Поимот сметководство и финансии не се идентични. Тука постојат две различни работи, бидејќи ние можеме преку асигнација, компензација да измируваме одредени обврски и побарувања кои пак имаат реперкусии во книжењето во книговодството. Тоа не значи дека ние ќе имаме прелив односно одлив на ефективни финансиски пари. Значи немаме реална финансиска трансакција. Суштината на моето зборување е во тоа. Ова го спомнувам од аспект н мојата теза што вчера ја бранев, од аспект на ликвидноста. Во тоа е целата работа. Во тие рамки јас ги анализирам сите овие

V/2

работи, бидејќи сум свесен дека тоа е голем проблем. Значи, да завршам, предлогот е или да се прифати амандманот реално гледано или предлагачот да најде процедурални можности да се избрише формулацијата од заградите. Така најдобро се расчистува оваа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

44 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 7 во новиот член 6-а точка 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Драган Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ;**

Не знам колку ќе успеам да го објаснам овој амандман или колку ќе успеам да ве убедам во тоа дека овој амандман треба да се усвои од овој Парламент.

Имено, со овој амандман се предлага транспортните трошоци кои продавачот ги има при доставувањето на производот до купувачот да се

плаќа данок на услуга, а не данок на промет. Да илустрирам со еден пример. Ако имаме еден производител на намештај кој во цената на намештајот го калкулира и транспортот, бидејќи данокот се плаќа на продажната цена, а тој изнесува 25%, нормално тој и транспортот од самиот производител кој сега се јавува во улога на продавач до купувачот ќе го калкулира и транспортот. Што значи дека и на тој дел при плаќањето на данокот на промет, бидејќи е на продажната вредност ќе плати 25% данок. А самиот транспорт како чин кој се обавува е услуга. Не е производ, кој се оданочува туку е услуга и нелогично е во законското решение тој да се оданочува како производ а не како услуга. Практично ако се прифати ова решение, ќе се направи едно олеснување на сите производители, прво на сите производни фирми, тој транспорт да се оданочува само со 10% колку што се оданочува и услугата. Тоа исто може да се илустрира со пример на производите или суровините и репроматеријалите кои се увезуваат, бидејќи при самото царинење мора да се плати данокот на промет. Тука влегува исто и транспортот кој е за довозот да кажеме, ако робата се довезува од Бугарија до Македонија. На таа основица автоматски царината има таблици, по кои пресметува и ја формира царинската основица врз основа на набавната цена и врз основа на набавната цена и транспортот. На тоа се плаќа значи истиот данок, кој исто така е одделен и претставува услуга, а не основна цена на производот.

Мислам дека Парламентот навистина траба да размисли кога ова го пропушти во Законот за акцизи и недобро го согледа и не го прифати. Со начинот на кој што се предлага со амандманот да се измени овој член, ќе се стекнат многу олеснувања и за увозниците и за производителите и транспортот како услуга, бидејќи секаде во светот е како услуга, ќе се плаќа само 10% данок на услуга, а не данок на промет по 25% и да не наведувам други производи каде што да речеме се

работи за техника итн., каде што данокот на промет е многу поголем од 25% итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапурик и Ристо Николовски.

Процедурално бара збор господинот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Не гласавме за амандманот предложен од моја страна Георгиев Драган и Масев Ристо во однос на член 4 став 1 точка 8. Тој е прескокнат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не сум прескокнал овде по ред одам, веројатно не е внесен.

Јас мислам дека го прочитава на почетокот. Предлагам да продолжиме по овој редослед а Службата ќе го подготви и ќе се вратиме повторно на овој амандман, ако немате ништо против господине Трајков.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

V/5

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Ристо Николовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16 поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Пратеникот го повлекува овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас овој пат ќе бидам краток, само ќе барам аргументација од страна на министерот кои се причините и аргументите зошто да речеме адвокатските услуги кои исто така се интелектуални услуги се ослободени од обврската за плаќање на данок на промет, додека пак сметководствените услуги кои согласно позитивните прописи од фискалната сфера се многу одговорни услуги и за кои ќе треба да се стекнат посебни звања, предвидени со Законот за сметководство, значи да се стекне звањето овластен сметководител, во овој случај го нема тој третман односно режим па задржувам право откако ќе го слушнам образложението од негова страна да кажам уште нешто.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Кратко образложение. Разликата ја согледавме во тоа што кај дејноста на адвокатите кои се изземени, се иземуваат оние нивни дејности кои се со закон предвидени и без кои дејности не може да се одвива одредена судска постапка и судски процес. Инаку, другите дејности на адвокатите се оданочуваат.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека господинот министер треба да биде малку пообјективен и да ја каже следната вистина. Вие сигурно се сеќавате за проблемите кои ги правеше Адвокатската комора на Македонија со парализирање на правниот живот на Македонија со сите тие протести и сите тие работи и тоа беше причината, кршејќи го законот да се донесе автентично толкување на Законот дека тие немаат обврска да плаќаат 10% данок на услуги. Јас сум длабоко убеден дека тоа е причината и дека не е ова што господинот министер го кажува, од проста причина што адвокатска услуга е адвокатска услуга. Тука нема алтернативно значење

V/8

дека постои адвокатска услуга под а), под б), под ц). Јас би ве замолил, имајќи ја предвид одговорноста кои ја имаат и ќе ја имаат сметководителите, а кои ќе бидат јас сум убеден во помал број, да ги ослободиме од оваа обврска за да ја стимулираме оваа дејност со квалитетни кадри кои, добивајќи адекватно знаење,истовремено ќе го штитат и интересот на државата. Значи, штитејќи го својот интерес, ќе го штитат и интересот на државата. Од овој аспект барам да ме поддржувате, бидејќи потекнувам од таа дејност и ги познавам тие прилики.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, за додавање нова точка 14, поднесен од пратеникот Иван Бојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 5 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 5 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нова точка 9, поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата и овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Панче Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Ако овој закон го изгласаме, ние практично ќе го измениме начинот на плаќање на данокот на промет во Македонија. Не сум сигурен дека тоа сите го сфаќаат. Ние го менуваме начинот на плаќање на данок во следната смисла. Досега имавме начин на плаќање на данок на промет така што крајниот потрошувач во буквална смисла на зборот го плаќаше данокот на промет. Тоа е кога стоката ќе помине од продавница кај крајниот потрошувач се ефектуираат парите кои доаѓаат кај трговецот и трговецот од тие пари во рокот кој беше предвиден со закон го плаќаше данокот. Сега, тоа го менуваме и велиме дека данокот на промет ќе се плаќа без оглед на тоа дали стоката стигнала до крајниот потрошувач

или не. Него ќе го плаќаме во одреден рок кој сега државата со овој закон ни го наметнува. Првиот закон кој досега важеше е пракса во Америка. Тие што биле во Америка сите знаат дека уште на касата е една цена, па друга цена за данокот. Ние го имавме истиот систем. Сега тоа го менуваме и се бара производителот тоа да го плаќа. Многу ме убедуваат дека тоа е корисно за стопанството. Јас мислам дека не е корисно и дека со тоа му се врши намет и практично стопанството сега ќе ја кредитира државата. Бидејќи може да се случи стоката да биде испорачана,долго време да не се продаде а мора да се плати данокот. Според тоа, настапува период на кредитирање на државата.

Бидејќи овој закон ќе мора да се усвојува на некој начин, на Комисијата за стопанство предложивме данокот на промет. да се плаќа во подолг рок отколку што е предвидено со овој закон. Наместо 45 дена тоа да биде 90 дена. Зошто? Затоа што кај многу гранки кај нас во Македонија и воопшто рокот на обрт на капиталот е многу долг, кај текстилот, кај кожарската индустрија, кај намештајот итн. На пример во конфекцијата, бидејќи јас работам кај чистата конфекција, немаме ни два обрати или два и нешто обрати, што значи еден производ се свртува на 180 дена, а со овој закон ние ќе бидеме принудени данокот да го плаќаме во просек за 60 или 65 дена. Според тоа, автоматски на тој начин ние ќе ја кредитираме државата. Особено ќе биде погодена текстилната, кожарската, намештајската индустрија и други индустрии кои имаат долг рок на обрт на капиталот. Бидејќи во секој град во Македонија од каде потекнувате вие пратениците, има текстилна индустрија, има кожарска индустрија итн. ние на таа индустрија сега ќе им го загрозиме опстанокот. Јас тоа го реков и на Комисијата за стопанство и министерот се согласи да го продолжиме рокот од 45 на 90 дена под услов да ја праша Владата и под кој услов Комисијата за стопанство гласаше за

законот и рековме, ако тоа не се случи, Комисијата за стопанство треба повторно да заседава и да го измени гласањето. Мислам дека сите ме сфаќате што сакам да кажам дека еден дел од индустријата кој има долг обрт на капиталот ќе биде значително оштетен и ќе дојде во состојба да не може да го плаќа данокот.

Затоа, ве молам ова да се прифати и министерот повторно да размисли, да усвоиме рок 90 дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

32 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за додавање нова точка 9 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 20 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 20 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

VI/2.-

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Мислам дека ќе биде беспредметно да се гласа амандманот со членот 20, а и член 23 имајќи предвид дека амандманот на Комисијата за стопанство за член 19 став 5 во третиот ред, бројот 45 се заменува со бројот 90 од страна на Владата не се прифаќа и мислам дека другите амандмани не треба да бидат предмет на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го повлекувате амандманот? ( Го повлекуваат амандманот).

Значи се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Суштината на овој амандман е скоро иста како и за претходниот и Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот н а член 20 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова е депрецизација на текстот. Владата го прифаќа овој амандман.

VI/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

И овој амандман го повлекувате? (Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 2 3 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 3 по став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Во овие предложени измени со овој закон јас уфрлиф и една измена за која јас размислувам дека треба да се прифати од многу причини. Ве молам, ние треба да градиме објективно законодавство, а тоа подразбира во тоа законодавство да не постојат субјективни

VI/4.-

решенија како што постојат во постојниот закон за данок на промет, а кој особено се однесуваат на претприемачите. Во што е поентата?

Јас предлагам да се брише следната формулација: "Или со принципот на споредување со друг обврзник од иста или слична дејност, кој таа дејност ја врши по приближно еднакви услови". Еве неколку аргументи како сето тоа се толкува и се спроведува во практиката.

Според сите закони од фискална сфера се рамноправни како претприемачите така и сите други правни лица од аспект на обврски и права. Што се случува. При поднесување на годишните пријави односно годишните сметки на претприемачите односно дуќанџиите или занаетчиите во органот за јавни приходи во обичаено над 90% не се прифаќаат тие даночни пријави како точни иако и тие претприемачи ги плаќаат сите даноци почнувајќи од данокот на промет, персоналниот данок, данокот од добивка согласно позитивните законски прописи во одредените рокови итн. Како сето тоа се репертуира во нивното работење? Се репертуира на следниот начин. Не се прифаќа даночната пријава службата споредувајќи ги тие претприемачи вообичаено со најголемите обврзници за данок на промет независно од реалниот промет, независно од реалните услови во кои тие ја обавуваат таа дејност и доаѓаат до нови задолжувања, кои задолжувања за претходната година по пат на решенија ги добиваат со закаснување од шест месеци на кои се пресметуваат нови обврски, казнена камата, досега 2% дневно, значи 736% на годишно ниво, или сега со 0,5% дневно за цела година и сега размислите што се случува. Нова даночна обврска само на база на овој субјективен член, некаде во просек 4 до 5 пати поголем износ на казнена камата отколку што е даночната обврска и доаѓаме до астрономски задолжувања на претприемачите.

Јас мислам дека во ситуација кога ние имаме скоро заокружено законодавство од аспект на даноци, финансии, кога тоа законодавство важи и за претприемачите постоењето на ваква субјективна формула-

ција е анахроност на времето и треба да се брише. Ве молам, постојат инспекциски служби кои по пат на реална контрола треба да го утврдат реалниот промет и на база на тој реален промет да ги обврзуваат даночните обврзници, во тие рамки и претприемачите да ги плаќаат фискалните даноци на државата. Оваа формулација ја има и следната реперкусија.

Со менувањето на обврската за плаќање на данок на промет и на акцизи се зголемува фиктивно прометот на тие правни лица односно се зголемува нивната реализација,на база на тој основ расте основицата за пресметување и плаќање на персонален данок, расте основицата за пресметување и плаќање на данок од добивка и сето тоа, ве молам оди во зачаран круг. Да не случајно кај претприемачите не постои институтот на загуба. Значи може претприемачот слободно да банкротира, но пак ќе биде оптеретен со сите овие давачки на база на ова субјективно решение кое постои во овој закон. Јас мислам дека е крајно време и предлагачот ова субјективно решение го избрише од овој закон и преку стимулирање на инспекциските служби, со сите тие големи овластувања и надлежности кои ги имаат и со овие закони и со законот за управата за јавни приходи да се констатира фактичкиот промет и исклучиво само тој фактички промет да биде предмет на оданочување. Јас мислам дека е обврска на сите нас во оваа смисла да го поддржиме овој амандман и со цел да ги стимулира инспекциите и претприемачите да се оданочуваат со реална давачка како што се оданочуваат и сите други правни лица. Јас само ќе кажам еден пример.

Потекнувам од оваа дејност, скоро 10 години сум имал работа со инспекторите од управата за јавни приходи и скоро никогаш не сум имал пријава од инспекторите од поранешниот СОК, но скоро никогаш не ми била прифатена евиденцијата на претприемачите од страна на финансиското одделение кое делуваше во рамки на општината, а сега се здружени, иако ги применував истите прописи. Сега можете да замисли-

те по пат на судска процедура што сето тоа значи бидејќи во тие решенија постои следната клаузула. "Решението мора да се спроведе", значи мора парите да се платат па вие после барајте ги вашите права ако можете да ги остварите. Јас мислам дека овој проблем, навистина е реален проблем и ние така треба да го сфатиме и трака да му приоѓаме преку поддржување на овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако беше сето ова навистина вака и јас ќе се замјислев дали ќе дискутирав вака. Меѓутоа , ќе прочитам децидно како гласи одредбата од законот што не исклучува некои индивидуални состојби или моменти што биле поинаку третирани, туку е прашање на тие така што ги третирале. Дословно пишува вака: "Ако во постапка на преглед се утврди дека не се водени деловни книги или не се водени уредно данок на промет ќе се пресмета врз основа на расположливите податоци за остварениот промет или со принципот на споредување со друг обврзник од иста или слична дејност, кој таа дејност ја врши по приближно еднакви услови на начин пропишан за утврдување на данокот од вршење на стопанска или професионална дејност, персоналниот данок од доход.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само би го прашал г-динот Министер зошто оваа одредба важи само за претприемачите а не важи и за другите правни лица односно за правните лица кои ги контролираат досега инспекторите на СОК. Ако сите права односно ако сите обврски важат и за двете категории јас сум длабоко убеден дека во овој случај се работи за дискриминација на претприемачите. Ве молам, ова во праксата така како што јас кажав се третира и така се толкува. Јас можам во некоја наредна прилика да земам информации, па да приложам, особено за општината каде што јас

делувам. Ве молам, зошто да даваме некому ние право да толкува дали некој остварил толку промет или не остварил. Нека повелат инспекциските служби тоа да го констатираат. Но, требаше да истакне еден момент овде инспекторот. Сигурно тие кога оделе на ваквата формулација, во тоа време го имале предвид големиот број на претприемачите и малиот број на инспекциските служби. Но, голем број постои и на претприемачи, но и на правни лица. И контролите се што? Кумулативни. Тие контролираа целокупната документација. Јас не сакам да Ве заморувам, но јас сум длабоко уверен од својата пракса дека е ова субјективно решение и дека е крајно време ова да се бираше од овој закон. Постојат инспекции, постојат надлежности нека се установи вистинскиот промет и само тој нека се оданочи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 за додавање нов став 3 по став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 27 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

VI/8.-

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 27 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пртениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Не знам колку тоа што ќе го кажам ќе влијае врз вас да ја промените вашата одлука, меѓутоа должен сум да ги изнесам повторно фактите затоа што ставот на пратеничката група на Либералната партија е дека во услови кога во нашата држава нема големи инфлаторни движења дневната казнена камата од 0,5% е многу голема и ако се рачуна на месечен износ повеќекратно ја зголемува утврдената каматна политика во Република Македонија. Имено, знаеме дека е таа некаде околу 2,3% дневно односно месечно и на годишно ниво околу 35%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

27 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ Аце Коцевски и Љупчо Мешков.

VI/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 29 по новиот став 7 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас кратко ќе образложам зошто е овој амандман, тој е само од техничка природа.

Предлагачот во измените на овој закон има предложено меѓу другото данокот на промет на големо од страна на производителите или од тие што продаваат за натамошна продажба се плаќа во рок од 45 дена по истекот на месецот. Што тоа значи? Тоа значи ако претпријатието А, купува стока од претпријатието Б, во тој сметководен исказ ќе се искаже само пресметаниот данок во претходните фази. Значи, не е обврска, ниту пак е можност претпријатието А, има точна информација дали претпријатието Б, го има платено данокот на промет. Претпријатието А, ќе има информација колку е пресметаниот данок во претходните фази. За тој данок одговара тој што тогаш го има пресметано. Укажува дека од практична гледна точка, ова е само техничка операција за да не ги задолжуваме правните лица да обезбедуваат информации кои реално да ги имаат, бидејќи не е нивна обврска да знаат дали претходниот учесник го платил данокот или не. Тие треба да знаат дали претходниот учесник го има пресметано данокот и колку е тој данок. Тука, ситуацијата е јасна и јас мислам дека би требало предалгачот во овој случај да го поддржи овој амандман и Вие да го изгласате. Значи, се работи само за технички амандман кој во суштина ништо не менува односно симнзва обврска која реално треба да се воведе

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеника гласаа за.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

18 пратеници гласаа за, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 во новиот став 7 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од пратениците Санде Давчев и Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Владата беше доследна и минатиот пат кога гласавме за Законот за акцизите, тоа е истиот принцип на повратување на средствата за повеќе уплатени или погрешно уплатени, дали Владата и за колку време ќе уплати. Останува на нас пратениците дали ќе бидеме доследни за двата члена, а тоа се членовите 35 и наредниот член, сега зборуваме за член 35 став 1 и мислам дека мора да има обврска Владата да го врати она што не е нејзино и тоа во рок од 30 дена. На Комисијата Владата не убедуваше дека веднаш тоа го прави. Ако го прави веднаш, да пишеме дека веднаш го прави. Мислам дека ова решение за 30 дена е реално и треба Владата она што не е нејзино треба да го врати за 30 дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

VII/2.-

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сметам дека овој амандман исто така е оправдан, имајќи предвид стопанството во кој услови работи, после пазарната економија, договорната економија не е создадено база да има таква акумулација и средства да може на време да ги исплатува своите обврски. И доаѓа при доцнењето на своите обврски, при данокот на промет да плаќа затезна камата 0,5% дневно. Имајќи го предвид тоа, аналогно на тоа може да се случи и некој од органите од власта да погреши при пресметувањето на данокот на промет, а што организацијата нема право, односно не го задржува правото на приговорот на извршувањето на налогот, се извршува налогот, го плаќа данокот кој данок е не законит, а потоа му се враќа. Кога ќе се врати данокот мора да се утврди и рок во кој ако треба да се утврди данокот и во тој рок како што плаќа данок 05% исто така да му се поврати со средствата 05% назад на организацијата, затоа што таа не е виновна. Замислете ако се работи за повеќе милиони денари и ако стојат повеќе години невратени кога денеска може да купи некој производ, а кога ќе се вратат поради инфлација, поради други трошоци може да се врати само еден. Мислам како што беше прифатен амандманот за акцизите 0,5% да се врати исто така и овој амандман да се прифати и со рок на враќање, така да има обврска и на тој што наложува, што пресметува, да обмисли да пресмета како се пресметува дали е точно и како се извршува средствата да ги врати на организацијата, инаку имајќи предвид ако вака оди организациите ќе се најдат во прилично тешка состојба и во иднина. Па сепак ова нешто е издржување. Се залагам за прифаќање на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратениците Санде Давчев и Симон Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 за додавање на член 54-в поднесен од пратеникот Панче Насев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Бидејќи како што реков пред малку сега мораат производните организации да го плаќаат данокот на промет, а во рокот кој е даден за плаќање 45 дена плус 15 дена, околу 60 дена, настапуваат промени во односот меѓу обврзникот на плаќање на данокот на промет и оној што треба да го враќа во одредени моменти тој данок на промет. Имено, ако во тој рок се изврши исплата на стока од една фирма од денот на испораката таа фирма е даночен обврзник. Ако во рокот додека се уште не настапил моментот за плаќање таа стока се врати,или поради грешка се клиза итн. настапува момент кога тој данок на промет треба да биде помал и државата да го врати назад ако е целосно вратена стоката. Јас

во мојот амандман предлагам тоа да се врши конто коректно секој момент кога ќе настапи обврска обврзникот да плаќа, а државата враќа, тоа да се пребива во тој момент. Да речеме на 15 дена или на 20 дена кога се плаќа данокот. Тоа да не биде бесконечно државата кога сака тогаш да го врати, туку во моментот кога ќе настапи обврска од државата према обврзникот и обврзникот према државата тие пресметки да се пребијат, па остатокот да се плаќа ако треба да се плати или државата да доплати. Мислам дека на тој начин малку ќе му олесниме на стопанството бидејќи ова сега што не го изгласавме за 90 дена на овие индустрии што ги набројав, навистина ќе му нанесеме голема штета. Вие можеби не го сфативте тоа најсериозно, меѓутоа тоа треба сега министерот и Вие пратениците да го прифатите, барем донекаде да ја олесниме работата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници. овој амандман немаше да има толку тежина, ако се прифатеше амандманот на Комисијата за стопанство да биде плаќањето 90 дена . Меѓутоа сега има навистина длабока содржина овој закон, овие индустриски гранки што ги наброја претходниот дискутант Панче, бидејќи ќе се најдат во толку тешка ситуација при обидот од 180 дена треба да платат во просек за 60 дена данок, мислам дека за овие 180 дена после ќе настане некое снижување. И кога ќе го платат данокот, а после ја снижат цената фактички требало да платат помалку данок. Мислам дека е реално државата кога веќе ја финансираат во просек 120 дена финансирање и ќе има некој процент што за џабе ќе го дадат. Така да мислам овој амандман држи иако направиме грешка, наместо 45 дена да го подржиме тоа, јас мислам

дека Комисијата за стопанство имаше чувство вкупно за стопанството и тоа беше добро решение, не го поддржавме, мислам дека со овој амандман доста ќе компензираме да ја исправиме оваа грешка . Предлагам овој амандман да го поддржиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 1 за додавање нов член 54-в, поднесен од пратеникот Панче Насев.

Молам да се повикаат сите пратеници да влезат во салата.

52 пратеника се присутни во салата.

Поради неодговорниот однос на поедини пратеници кон својата пратеничка функција, јас сум приморан да ја прекинам седницата

Во 15,30 ќе ѕвониме за продолжување на седницата.

Дотогаш пауза.

(По паузата)

Констатирам дека во салата има присутни 70 пратеници. Бидејќи расправата ја завршивме по амандманот на член 36 став 1, за додавање нов член 54-в, поднесен од пратеникот Панче Насев.

Кој е за, молам да крене рака? (37 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 1, за додавање нов член 54-в поднесен од пратеникот Панче Насев.

Г-динот Панче Насев има процедурална интервенција.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам да се помине на поединечно гласање.

(Секретарот врши прозивка за поединечно гласање)

VIII/1.-

# С П И С О К

**на пратеници во Собранието на Републ.тка Македонија, според азбучен ред на презпмињп**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | - за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | - не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | - воздржан |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | - не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | - не е тука |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | - не е тука |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | - против |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | - не е тука |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | - против |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | - за |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | - не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | - против |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | - не е тука |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | - не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | - за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | - не е тука |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - воздржан |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | - не е тука |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | - против |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | - не е тука |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | - за |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | - за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | - не е тука |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | - не е тука |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 28. САМН ИБРАИМИ | - не е тука |

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | - против |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | - воздржан |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - за |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | - воздржан |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | - за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | - против |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | - за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | - за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | - за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | - воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | - не е тука |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | - за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | - за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | - не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | - за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | - за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | - за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | - за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | - против |
| 51. РИСТО МАСЕВ | - воздржан |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | - за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | - воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ- | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | - за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | - воздржан |
| 57. БРАНИРОД МИХЛИЛОВСКИ | - воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | - против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | - за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | - за |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | - против |

63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - за
64. ВАНЕ НАУМОСКИ - не е тука
65. СИМОН НАУМОСКИ - за
66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ - не е тука
67. ЈОВАН НИКОЛОВ - за
68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за
69. РИСТО НИКОЛОСКИ - не е тука
70. РУФИ ОСМАНИ - за
71. БОРИС ПАВЛОВ - не е тука
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
73. ТИТО ПЕТКОВСКИ - воздржан
74. МИРКО ПЕЦОВ - за
75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ - не е тука
76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ - за
77. КИРО ПОПОВСКИ - не е тука
78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - воздржан
79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ - против
80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ - воздржан
81. АБДУРАУФ ПРУСИ - не е тука
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука
83. САЛИ РАМАДАНИ - за
84. ХИСЕН РАМАДАНИ - за
85. МИТКО РИСТЕВСКИ - воздржан
86. НАНО РУЖИН - воздржан
87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ - не е тука
88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - не е тука
89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ - за
90. КИРИЛ СПАСОВСКИ - против
91. ЈОВАН СРБННОВСКИ - не е тука
92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ - за
93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ - воздржан
95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ - воздржан

VIII/4.-

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | - за |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | - воздржан |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | - не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | - воздржан |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - за |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | - за |
| 103. НИКОЛАЛИНА ТРАЈАНОСКА | - не е тука |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - против |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | - не е тука |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | - против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | - против |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - за |
| 109. РАМИ ТУДА | - за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | - не е тука |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | - не е тука |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | - не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | - воздржан |
| 114.СЛАВЧО ЧАПОВ | - за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | - воздржан |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | - не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | - не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - против |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | - не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | - воздржан |

пн

VIII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

41 пратеник гласаа за.

21 пратеник се воздржани

15 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 36 став 1 за додавање на член 54-в, поднесен од пратеникот Панче Насев.

Отворам претрес по амандманот на членот 36 став 3 поднесен од пратениците: Драган Георгиев, Ристо Трајков, Борис Павлов, Ристо Масев, Мирко Илиевски, Кирил Спасовски и Владо Давидковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата, со оглед на тоа што има претходните сознанија дека во делот на трговијата изгласани се вакви рогови, не сакаме да бидеме некоректни према производителите напротив сакаме да бидеме многу покоректни спрема производителите, го прифаќам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 од новиот член 36-а став 3 поднесен од пратениците: Санде Давче и Симон Наумовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 3 поднесен од пратениците: Драган Георгиев, Борис Павлов, Митко Илиевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман ја третира истата проблематика со претходниот амандман и Владата не го прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 3, поднесен од пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Митко Илиевски и Кирил Спасовски.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 46, поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман,.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и. амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 46, поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за додавање нов став 2-а поднесен од Комисијата за стопанство.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Имајќи предвид дека остана ова прашање додатно Владата да се изјасни, констатирам дека ова решение не му е местото во овој член, а во претходните решенија во Законот е содржано ова решение и мислам дека овој амандман треба да се повелече и да не се гласа:

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Значи амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 3 поднесен од пратеникот Тодосија Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи автобусите се вклучени во терминот моторни возила.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувани потрпетседателе, дами и господо, Мислам дека се работи за едно дообјаснување на текстот на образложението на Законот кон член 47. Имено, мислам дека е тоа страна 5 се зборува за товарни возила и во последниот ред пред зборот "5%" да се додаде и "автобуси". Ако беше теретни возила ќе беше нето друго. Меѓутоа е товарни возила.

Дали под товарни возила подразбираме и автобусите или само товарните возила кои носат стока, а не патници. Заради тоа да се додаде само зборот "аутобуси". Се работи, имено, од законот да данок на промет на производи и услуги за плаќање на данок на промет на резервните делови кои се вградуваат во теретните возила и во автобусите, да се плака данок на промет од стапка од 5%. Мислам дека е тоа добро кажано во образложението, меѓутоа, зборот автобуси, на крајот да не се толкува дека автобусите не влегуваат во товарни возила. Заради тоа, а мислам дека во ништо не се менува ако го подразбираме така да се додаде и зборот "Автобус". Со тоа само се подобрува текстот и ништо не се менува. Затоа би го замолил министерот и Владата а и пратениците овој амандман да биде прифатен. Тоа е само на образложението кон член 47 од Законот за промет на производи и услуги.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Бузлевски има збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

И при истакнување на ставот на Владата малку се произнесов околу овој амандман. Во Законот нема потреба да се внесе терминот "автобуси" после "моторни возила" бидејќи под терминот моторни возила се подразбираат и автобуси. Во спротивно би требале да ги наброиме и да го оптовариме законот со сите видови моторни возила а нив ги има повеќе. Значи во тарифата се внесени. Тие подлежат на данок на промет во висина од 5%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекувате амандманот или останувате? (Го повлекувам).

Отворам претрес по амандманот на член 4 8 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата. го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 50 поднесен од ЗПК.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратеникот Панче Насев, поднесе амандман на член 19 став 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 5 поднесен од пратеникот Панче Насев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Тој амандман ви е дополнително умножен.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панче Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Бидејќи пред малку не прифативме, не се изгласа амандманот со кој се правеше 90 дена рок на плаќање за сите даночни обврзници, мислам дека посебно во тешка состојба ќе се најдат гранките: производители на намештај, текстилна и кожарската индустрија. Затоа да не ги доведеме овие гранки во лоша состојба, а тоа се претежно извозно ориентирани гранки што со мало производство на пазарот тука што се надополнува во извозот многу губат, тука треба нешто да добијат, па сега и тука треба да губат, така ќе ги доведеме во една ситуација да не можат а го плаќаат овој данок и ќе треба да се задолжуваат да го платат. Во таква состојба таа индустрија не ќе може да егзистира понатаму.

Затоа барам сега да имате разбирање овие 3 индустрии да ги бенифицираме со тоа што данокот да го плаќаат на 90 дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам н гласање.

Кој е за, молам да крене рака?.(30 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 5 поднесен од пратеникот Панче Насев.

Има збор г-динот Ристо Трајков процедурално.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Како што реков пред малку се однесува за амандман на член 4, во кој не беше спомната точката 8. Овој амандман во предлогот гласи вака: "во член 5 ставот 1 точките 1, 2, 5 и 7", значи имаа точки во овој член и сега напишан е во амандманот точката 8 меѓутоа при читањето точката 8 не се спомна, а има согласност од претставникот на Владата. Сега одеднаш се менува мислењето затоа што не беше спомната точката 8.

Во овој амандман јас точно се повикувам на точката 8 бидејќи во овој член има повеќе точки. Што значи се однесува за точката 8. Имено, амандманот не врши менување на концепцијата нас предлогот на законот. Ова го велам затоа што точки од овој член остануваат на сила. Спомнати се точката 3, 4, 10, 11, остануваат што ги регулираат истите тие материи. Сега се работи аз градежни материјали што треба да се вградуваат при изградба на земјоделски објекти, земјоделците да бидат ослободени од плаќање данок на промет, со вадење на соодветна

дозвола со што ќе докажат колку материјал ќе вградат во овој земјоделски објект. Во овој случај ги тераме земјоделците да одат преку градежни претпријатија. Тие не учествуваат во градба на објект на 30 квадрати површина. Мислам дека ова би требало затоа што во постојниот закон ова делува изработи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно станува збор за недоразбирање околу целата содржина на амандманот. Предлагам, не пречи ништо да го повториме амандманот и гласањето по амандманот. Во таква постапка и претставникот на Владата ќе се произнесе. Амандманот точно назначува само сврзникот "и" и бројот 8 се бришат во член 4 став 1.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЈТЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (13)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот аз трговијата, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трговијата.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ЗПК поднесе амандмани на член 3 за менување на член и за менување на член 5 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата ог прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот аз трговија.

.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка.

Минуваме на **точката б** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок од добивка.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека е удвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогет на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1 со кој се согласил предлагачот на Законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе го поддржам овој закон, меѓутоа мислам дека е ред во ова Собрание еднаш да се каже од говорницата дека е ова трет пат, втор во овој состав и еднаш во прошлиот состав на Собранието како што овој член се менува со амандмани, истиот член по трет пат. Мислам дека стана една боксерска вреќа, точно овој член каде што ние полека - полека ќе го пробиваме законот од добивка.

Мислам дека е крајно време Владата да предложи своја верзија нас овој член за да се престане во Собранието конечно еднаш пратениците да го пробиваат она што го утврдивме како политика. Кога еднаш веќе изгласавме во врска со меѓународниот спорт сега веќе никој од нас не е во состојба да прави исклучоци кон други дејности. Оваа пракса ќе продолжи до бескрај. Затоа е веќе време Владата да предложи свој предлог со што сите овие проширувања на членот ќе ги анулира, а Собранието да најде сили тоа да го овозможи. Инаку, вака сме во ситуација кога веќе два пати го пробивме, ќе го пробиеме и трет пат, а веројатно идната седница ќе се најде за четврти - петти пат и тогаш Собранието доаѓа во една непринципиелна ситуација во водењето, во утврдувањето на системот на водењето на даночната политика. За тоа мислам дека е во ред денеска тоа да го изгласаме, меѓутоа е во ред да се каже дека оваа ситуација, не толку од материјален аспект, туку од морален аспект не може да се толерира и понатаму и понатаму вака да се однесува Собранието кон политиката што самото ја утврди во даночната сфера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да уште некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1) Очигледно дека некој не гласал.

Според резултатите од гласањето испаѓа гласале само 57 пратеници.

Молам, за точен број на присутни пратеници во салата (Службите ги пребројуваат пратениците)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

67 пратеници се присутни во салата, значи некој не гласале. Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот од данок од добивка.

Минуваме од **точката 7** - Предлог на одлука за изменување на одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1995 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека би било добро со оглед на скромното образложение кое е присутно во Предлогот за измена на одлуката, да добиеме елементарна информација со оглед што во досегашниот период не ја добивме како се остварува трговскиот и платниот биланс на РМ во периодот до 1995 година за кој Владата има податоци, дали е тоа за првото шестомесечие на пример, за да можеме колку толку компетентно да одлучуваме за работи кои ќе влијаат на вкупниот платен и трговски биланс, особено на платниот биланс на земјата, со проширување на правото за задолжување со предложените измени во одлуката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници јас оваа одлука за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на РМ ја прифаќам заради користење на трговски кредити за увоз на енергетици и репроматеријали, опрема на стопанските субјекти, трговските крелити за производство на стоки за извоз, финансиските кредити за извезување на домашни самоисплатливи мали инвестициони проекти, финансиски кредити за увоз на енергетици, суровини и репроматеријали за производство за извоз, како проекција на платниот биланс на Македонија дава можност на стопанските субјекти преку краткорочно задолжување да се овозможи инвестициона активност како цел на економската политика поготово за мали и самоисплатливи инвестиции. Имено, инвестициите во РМ во првите 3 месеци во 199 5 година во основни средства изнесуваат 1.527 милиони денари, зголемени за 2,8 пати во однос на 1994 година, али секако како резултат на поинтензивните вложувања во секторот на сообраќајот и врски на кој му отпаѓа скоро половината од инвестициите во РМ.

Ваквата ориентација на државата ја поддржувам и заради тоа што резултатите од заживувањето на стопанската активност како цел на економската политика не се охрабрувачки. За првите 4 месеци во 1995 година во споредба со 1994 година, можеме да го констатираме следното:

Физичкиот обем на индустриското производство бележи пад од 6,6% во однос на минатата година, а тоа е еден од индикаторите на општиот развој.

Второ, во просек индустриското производство за споменатиот период 1995 година опаѓа за 13,1%, со тоа што со најголем интензитет опаѓа производството на средства за труд и материјали за репродукција за 14,5%, а производството на стоки за широка потрошувачка за 10,5%.

Опаѓањето на споменатите економски параметри условено е од екстерните фактори, секако блокадите, али и од интерни фактори, застарена технологија, ниска продуктивност и нерационална каматна политика.

Навистина имаме исклучителна ценовна стабилност во периодот до мај 1995 година, висока стабилност на девизниот курс на денарот. Меѓутоа, таа не е резултат на перформансите во тековната политика, туку и наследните: прилив на странски капитал врз кредитна основа, прилив на девизи како резултата на кризата во регионот и ниска побарувачка на девизи на стопанските субјекти.

Имено, исклучителната ценовна стабилност до периодот мај 1995 година и високата стабилност на девизниот курс на денарот не се цели на економската политика сами за себе, туку само предуслови за ангажирање и на екстерни услови за заживување на инвестиционата активност како надеж на иднината и како цел на економската политика.

Прашање е колку е банкарскиот систем оспособен да може да ги извршува овие операции и колку е нашето стопанство преструктуирано за да може да преземе една ваква надежна иницијатива за иднината. Од споменатите причини јас оваа одлука ја прифаќам и мислам дека е добро. дојдена во ова време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што беше и побарано што е разбирливо да се дадат некои елементарни податоци за состојбата во одредена сфера, а во оваа прилика во областа на платниот биланс за да се има доволна аргументација за одлучување при гласањето.

Платниот биланс во тековниот период според податоците што се презентираат кај нас се остварува во рамките на предвидената проекција

Тоа значи дека нема нарушување во областа на платниот биланс и проекцијата доследно се реализира.

Оваа активност што ја покренавме за одредени измени на проекцијата, првенствено не мотивираше од потребата за обезбедување на финансиски средства за довршување или оживување на одредени инвестициони проекти, а при тоа за оние за кој што ќе се најде заинтересиран странски финансиски партнер, кој што ќе понуди такви финансиски кредити за познати купци -корисници правни лица од нашата држава.

Сето тоа е под контрола кај Народната банка, бидејќи претходната согласност за овозможување на тој ангажман треба да ја даде Народната банка, а таа при тоа ќе се раководи од постојните проектирани плански параметри во проекцијата за платниот биланс. Значи опасност од сферата за некое нарушување со вакви ангажмани нема, уште повеќе кога овде не е предвидено државата да се јави како гарант за одреден ваков банкарски и финансиски ангажман.

Додатниот мотив ми беше да ја зголемиме конкурентноста на финансискиот пазар, со тоа што во дадена ситуација кај потврдени деловни партнери со фирми од странство да се обезбедуваат финансиски кредити со пониска камата во однос на постојната што е 30% на годишно ниво. Тоа беше додатниот мотив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Ова што ќе го кажам сега после министерот е малку депласирано и ова што сака да кажам е прашање на министерот. Овде во одлуката има две стапки за која се бара измена на платниот биланс и тоа, едно се енергетиците, репроматеријали и второ е стимулирање на производството односно на инвестициониот процес. Сега е прашање, ако е за првиот дел тоа е вред. Тоа е остварливо.

Меѓутоа за стимулирање на производствениот циклус односно како е овде формулирано - наменети за изведување на домашни инвестициони проекти, сега на крајот на годината мислам дека е доцна за да се стимулира субјектот, да ги прави проектите, да ги достави до банката, да помине време за нивно одобрување и потоа да се добијат средства.

Така што овој дел за кој што особено инсистираше министерот мислам дека е најслабиот дел во одлуката и за такви работи треба да има предвидувања во проекциите во почетокот на годината, а не на крајот на годината. Зошто вака може да се случи нешто друго- ако ова што го кажа министерот е тоа, тогаш веќе се познати корисниците на кредит, а тоа значи дека нема конкуренција во користењето на кредитите.

И конкретно сакам да прашам, тој што сака да користи кредит за изведување на инвестиции во оваа година 1995 година, кога тоа ќе го направи, за да може банката да ја оцени валидноста, профитабилноста заинтересираноста на странскиот пазар за таква стока итн.

Мислам дека образложението требаше особено на ова да биде насочено за да не убеди во оправданоста на одлуката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Дали уште некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на одлуката.

Пратениците Аце Коцевски, Ристо Николовски, Слободан Најдовски,Санде Давчев и Љупчо Мешков поднесоа амандман на ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на став 2 поднесен од пратеници1 Аце Коцевски, Ристо Николовски, Слободан Најдовски, Санде Давчев, и Љупчо Мешков.

X/6

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ;**

Владата не го прифати овој амандман:

Прво, постои ефикасен систем во следење на намените, кога за овој вид вложувања се води строга евиденција во Народната банка. Тоа постоело и постои. А бидејќи Народната банка е задолжена да дава претходно мислење, секако таа е задолжена да води евиденција и како се реализира ангажман по конкретен договор.

Второ, ако се прифати амандманот, тогаш се шират намените. Тогаш и образложените кое е дадено би се депласирало со оглед на тоа што ако имаме ситуација да се сомневаме во водењето на системот на контролата на овие намени што се определени, тогаш по голема би била веројатноста да се отпушти фронтот и за секоја друга потреба дури и за да кажам, да керитирам, и за плати. Со ова ги стеснуваме намерите, водиме ефикасна контрола при Народната банка, а овозможуваме заживување на една инвестициона активност. Тоа беа основните причини што не водеа за да не го прифатиме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака( 11 пратеници гласаа за )

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Ристо Николовски, Слободан Најдовски,Санде Давчев и Љупчо Мешков.

Продолжуваме со претресот по текстот на одлуката.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

51 пратеник креваат рака.

Дали е некој против? (никој)

Дали има воздржани? (двајца)

Молам уште еднаш да се провери вкупниот број на присутните пратеници во салата.

(По повторното пребројување на присутните во салата се констатира дека во салата има 61 пратеник.

Деловнички мора да се повтори гласањето заради немање кворум.

Кој е за молам да крене рака?

Пратениците креваат рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува ? (двајца)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на РМ за 1995 година.

Минуваме на **точката 8 -** Предлог на завршна сметка на Буџетот на РМ за 1994 година.

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Кој бара збор?

Г-дин Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин потретседателе, дами и господо денеска на дневен ред е завршната сметка на буџетот за 1994 година на РМ. Завршната сметка како таква што е направена во 1994 година е дадено во текстот. Меѓутоа јас би се осврнал на некои работи што се во завршната сметка а за кој што ми се чини нема критериуми како се трошат буџетските средства.

Инаку основни плати ставката што е за функционерите, потоа за плати на пратениците, надоместоци на пратениците итн. па се прашувам по кои критериуми се распределуваат овие средства.

XI/1 ЛП/НД

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:** (Продолжение)

Знаеме дека имаше во договорената економија до 1990 година некои критериуми за потрошувачката на средствата за плати и надоместоци на корисниците на буџетот. Меѓутоа, условите се изменија, а се до денес немаме некои критериуми како се распределуваат платите на функционерите и платите на работниците, затоа што немаме закон за плати. Затоа, мислам дека н еможеме да усвојуваме завршна сметка се додека не се донесе Закон за плати односно сега да предложиме да ја усвоиме завршната сметка, а наредната завршна сметка да не може да се усвојува без закон за плати, да има критериуми по кои се распределуваат платите, па притоа дали на работниците, особено изложните работници на јавните служби кои се во полицијата, во царинарниците и во други такви слични установи им е надоместено се за оној труд што го вложиле за она што работеле. На пример, плаќање на ненормирано работно време, плаќање на прекувремена работа, плаќање на неделен одмор, дежурство и некои други работи во врска со платите, дали тоа се плаќа и по кои критериуми се плаќа, дали насекаде тоа е исто или не. Кога се зборува за плати ова го велам оттаму што критериумите кои беа до 199 0 година беа утврдени на општинско ниво. Тие замрзнаа, статус-кво. Оттогаш се надоградува дали 5% или 10% месечно или 100%, но се надоградува на таа основица. Во исти услови во една општина да речеме Министерство за земјоделство, Министерство за стопанство се плаќа личен доход 4000 денари, за иста работа во друго министерство 6000 денари, мислам на подрачните единици кои ги имаме. Со тоа се прави една голема неправда на работниците кои се во овие јавни служби и заради тоа барам да има критериуми по кои ќе се распределуваат средствата од Буџетот а тоа ќе се реши сигурно со Законот за платни разреди или некој друг документ

кој Републиката треба да го има ди корисниците да мора по тој критериум да имаат распределување.

Друго, што се однесува до материјалните трошоци имам забелешка дека се прилично високи, а дали во овие услови сме морале да ги направиме толку високи или сме можеле да направиме да бидат помали, не ми е познато. Меѓутоа, мислам дека треба да се прават поиздржани аналитички прегледи за да сознаеме каде сме морале да потрошиме повеќе средства за материјални трошоци, а каде помалку. Притоа, и крајно време е да се направи една рационализација на вработените на корисниците на буџетот. Зошто ова го велам? Мислам дека еден судија или во еден суд за прекршоци во општина од 30.000 жители има 4 судии, а во друга општина има два или три или шест, десет судии Мислам дека нема некои критериуми, по кои критериуми, некаде се вработени толку многу или на друго место толку малку. Јас не сум да се потргаат да им се даваат откази, меѓутоа сепак да се разместуваат, да има една програма за рационализација на овие служби. На тој начин мислам дека средствата од буџетот во наредната година може да се намалат, да останат исти или да се зголемат, меѓутоа ќе бидат сепак поправедно потрошени отколку што се потрошени сега.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас излегов да предложам еден заклучок бидејќи сега сме деветти месец и по мое мислење сосема е декласирано да дискутираме на завршна сметка за 1994 година. Предлагам ова Собрание да усвои заклучок со кој ќе се задолжи Министерството за финансии, најдоцна во рок значи до 2 8 февруари, како што поднесуваат завршни сметки сите правни лица, и ова Министерство да го достави истото барем за наредната година на овој Парламент.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ**:

Јас се согласувам со претходниот дискутант дека навистина сега е многу задоцнето и депласирано да се разговара за завршната сметка на Буџетот за минатата година, меѓутоа, има некои работи преку кои не може да се помине и кои, во името на Пратеничката група,сум должен да ги изнесам.

Имено, се работи за преголемите потрошени средства, според наше мислење, на три позиции од Буџетот и тоа на позиција 427 - техничко опремување, позицијата 445 - трансфери на физички лица и позицијата 471 - капитални трансфери до владини институции.

Нашата математика покажа дека за овие три позиции Владата потрошила 170 милиони марки. Можете да замислите колкава вредност на пари е тоа и што би се случило доколку барем 20 милиони марки од тие средства беа вложени во претпријатијата за стимулација на нивниот извоз во странство. Имено, додека во овие раздели што ги кажав односно позиции се потрошени големи средства, испаѓа дека на страница 17 на позицијата 4486 - стимулации на извозот се потрошени само 17,5 милиони марки и тоа значи дека дури и тоа што било предвидено да се финансира односно да се стимулираат претпријатијата кои имаат извозна дејност не е извршено.

Од тие причини, во име на Пратеничката група бараме Министерството за финансии до Собранието на Република Македонија да достави структура на овие потрошени средства не по министерства туку по намени за да можеме да видиме колку оправдано, рационално и домаќински се трошени средствата од овие позиции. Повторувам дека се работи за 170 милиони марки.

XI/4

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека пред себе треба да имаме еден факт. Ние поднесуваме завршна сметка по донесен буџет од 1994 година. Според тоа, може да се провери дополнително дали има пробивање на одредени позиции или нема. Меѓутоа, друго е прашањето дали кога се донесувал буџетот за 1994 година се согледала таа позиција во буџетот и при таа прилика се реагирало на таа позиција од аспект на нејзината висина.

Инаку, трансферните средства тоа се програмирани средства и вака на куп собрани тоа изгледа дека е голем износ, меѓутоа мора да се има предвид дека во рамките на тој износ има и средства кои се позиционирани во 1994 година и потрошени исто така во таа 1994 година уа социјални помошти.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Само со две-три реченици ќе кажам. Мислам дека погрешно бевме сфатени. Воопшто никој не зборува дека е пробиено она што е испланирано со Законот за буџетот, туку акцентот е ставен на едно друго место. Ако добро гледаме, процентот на извршување на планираното во однос на она што е извршено кај овие првите три ставки каде што се работи за техничко опремување,трансфери на физички лица и капитални трансфери со однос на процентот на извршувањето на планираното и извршеното кај стимулациите; за извоз. Логично е прашањето што ние го поставуваме и што се поставува ако е процентот кај овие за извршување некаде околу 98% во однос на планираното и извршеното, ќе видиме колкав е процентот во однос на планираното и извршеното кај стимулациите за извоз. Само во тој правец дискутиравме и мислам дека не пречи ништо ако Министерството за финансии ни ја даде таа структура точно, на пример планирани се толку пари, технички опремено за тоа и тоа. Ако е оправдано, никој нема ништо против тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на завршната сметка.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Буџетот за Република Македонија за 1994 година.

Преминуваме на <u>деветтата точка</u> - <u>Нацрт на закон за трговските друштва.</u>

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Димитар Трпеновски

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Имам убедување дека Нацртот на законот за трговските друштва, како еден од поголемите проекти, системски закон од областа на стопанството е значаен затоа што досега се работеше според  Законот

за претпријатијата како хибрид закон што требаше да ја олесни транзиционата фаза и да ја иницира приватната иницијатива. Со овој закон се постигнува еден нормативен ред во дејствувањето на трговските друштва, се дава слободен простор во развивањето на приватната фантазија, очекувањето на индивидуалните идеи и стремежи кон тотална приватизација и дерегулација, односно ослободување од преголеми мешања на државата во сите области на општеството.

Имам убедување дека новава верзија на Нацртот на законот подобро ги дефинира законските рамки во кои ќе се одвиваат сите капитални трансакции, обезбедува сигурност на селењето на капиталот од една во друга стопанска гранка. Имено, овозможува стопанството и стопанствениците да го намирисаат капиталот, да ја имаат иницијативата и да ги разбираат соопштенијата на пазарот. Ја исклучува можноста на мешањето на државата. Паричните цензуси 10 иљади германски марки во денарска противвредност како основна главница за друштво со ограничена одговорност, поединечен основен влог на содружници од 200 германски марки во денарска противвредност, 50 иљади германски марки во денарска противвредност за акционерските друштва по јавен повик како основ на главница и 20 иљади германски марки како основица без јавен повик, при што дадена акција не може да биде помала од износот од 200 германски марки во денарска противвредност не се мали износи и секако имаат цел да ги редуцираат оние сегашни претпријатија кои денес се фиктивни и функционираат само на хартија.

Со овој нацрт на закон се утврдува правилно статусот на странските трговски друштва кои во идниот амбиент ќе бидат битен сегмент на македонското стопанисување, односно се утврдува националноста на трговското друштво по местото на седиштето на дадено трговско друштво, што сметам дека е правилно, затоа што

овозможува реална контрола на истото и полесно третирање на неговиот статус.

Мора да споменеме дека изготвувачите на овој нацрт во оваа фаза поуспешно покриваат една широка лепеза на односи во стопанството, неговите одредби изгледа сега се многу поблиски во правилата на стопанисување во европски рамки, државата ја промовираат дека е цврсто определена за пазарно стопанисување, пазарна демократија, произведувач, продавач, купувач, граѓанин.

За да се избегне одреден правен вакум, со оглед на суптилноста на проблематиката што се третира, мислам дека е потребно да се пополнат одредени празнини преку донесувањето на Законот за нотари и неадекватните закони кои се сега во примена, Законот за стечај и ликвидација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието го му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за трговските друштва.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог н закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештите на работните тела на Собранието, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на собранието на Република Македонија и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, министерството за развој и Министерството за стопанство како и Министерството за правда.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака. (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 10</u>** – <u>Предлог за донесување на закон за телекомуникации.</u>

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес,

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот Бузлевски.

XII/2.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Прашањето од областа на телекомуникациите досега се уредени со сојузните закони и тоа Законот за системот за врски, Законот за поштенските телеграфски и телефонски услуги и Законот за задржување во заедница на јавно претпријатие за телефонски и телеграфски услуги и согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија се применуваат како закони и во Република Македонија. Исто така, во примена е и Републички закон за систем за врски, за радио сообраќај и поштанско телеграфски и телефонски сообраќај. Поради техничко - технолошкиот карактер на телекомуникациите врз основа на овие закони се донесени голем број на подзаконски акти и технолошки прописи кои исто така се во примена во Република Македонија. Согласно постојната законска регулатива релевантните прашања од областа на телекомуникациите се уредени на начин кој не се во согласност со Уставот на Република Македонија. Имено, со законот за системот за врски во основа се уредуваат прашања за системите за врски што се од значење за безбедноста на поранешна Југославија и за технолошко единство за системите за врски по тие основи. Телекомуникациите поради својата природа се инволвирани скоро во сите стопански и општествени активности почнувајќи од производството на телекомуникациска основа, употребата на телекомуникациите за вршење на сопствена дејност, телекомуникациите во областа на информативната дејност за општ прием, телекомуникациите во функција на забава и разонода, телекомуникација на сообраќајот, телекомуникации во функција на државните безбедности и одбрана на земјата и задоволување на други социолошки и културни потреби на општеството. Конечно, телекомуникациите се јавуваат и како комерцијални услуги, кои се присутни на пазарот на телекомуникациски услуги во национални и интернационални рамки.

XII/3.-

Телекомуникациите како комерцијални услуги имаат свое име јасно е дефинирана нивната примена и намена, имаат стандардно пропишен квалитет и цена, односно ги содржат сите елементи на добро наменето за пазарот.

Зголеменото сознание за значењето на телекомуникациите за економскиот културниот и социолошкиот живот на земјава а посебно на секторот за услужни дејности предизвика одредени процеси во развиените земји првенствено да се отвори процес на либерализација и вергулација на телекомуникацискиот сектор. Силно влијание на промените во телекомуникацискиот сектор изврши европската унија и нејзина стратешка определба за создавање на единствен пазар со слободен проток на стоки и услуги во сите земји, членки на заедницата е евидентна.

Промените во секторот на телекомуникациската опрема што првенствено се карактеризира со дигитализација на комутационите капацитети, за развој на оптичките кабли и оптоелектрониката, компјутеризацијата, а посебно развој на софтверската технологија и мобилните комуникации доведоа до значајни промени на телекомуникациите во смисла на нивна глобализација и преструктуирање на телекомуникацискиот сектор во национална и интернационална природа. Од овие причини потребно е да се донесе закон за телекомуникации со кој првенствено ќе се уреди телекомуникацискиот сектор согласно одредбите до Уставот на Република Македонија и присутните идни трендови на развој на овој сектор во Европа и пошироко.

Законот чие донесување се предлага заснован е врз следниве начела:

- Обезбедување на јавниот интерес во областа на телекомуникациите.

XII/4.-

- Обезбедување право на граѓаните, правните и физичките лица да имаат пристап на јавните телекомуникациски мрежи и користење на телекомуникациските услуги.
- Обезбедување на еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, телекомуникации, и
- Обезбедување на економски развој и нови технологии и услуги во областа на телекомуникациите.

Со Предлогот за донесување на закон за телекомуникации се уредува правниот режим на пазарот на телекомуникациски услуги при што се имаат предвид одредбите од Уставот со кој како основа на економските односи се гарантира слободата на пазарот и претприемаштвото, неприкосновеноста на правото на сопственост и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.

Во рамките на тоа се предвидуваат решенија против монополската положба на пазарот на давателите на основните телекомуникациски услуги.

Законот за телекомуникации кој се предлага да се донесе е систематизиран во 13 глави. Со овој закон се уредуваат условите и начините под кои се остварува дејноста во областа на телекомуникациите, изградбата, одржувањето и употребата на телекомуникациските мрежи и средства, како и односите меѓу давателите и корисниците на сите видови на телекомуникациски услуги.

Радио фреквентниот спектар е ограничен природен ресурс и за негово рационално користење нужно е да се обезбеди правилно планирање на радиофреквенциските опсези. Најнапред планирањето се меѓународниот врши во меѓународно ниво по земји и региони во рамки на меѓународниот сојуз на телекомуникации, а понатаму секоја земја има суверено право да го креира спектарот според своите потреби и да управува со истиот, се разбира во рамките на ресурсот со кој што таа располага.

Од тие причини, а со цел да се обезбеди рационално и ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар во Републиката со овој закон се предвидува дека фреквенциите се користат согласно планот за намена на радиофреквенциските опсези и планот за распределба на радио-фреквенциите.

Право на користење на радиофреквенции се добива со дозвола за радиостаници.

За правото на користење на радиофреквенциите корисниците плаќаат годишен надомест.

Со овој закон е уредено дека основните телекомуникациски услуги, а тоа се телефонските услуги, телекс услугите, изнајмување на телекомуникациски бодови, услуги за јавни говорници и други специјализирани услуги, пренос и емисија на радиотелевизиски сигнали на територија на Република Македонија можат да го вршат домашни правни лица утврдени со посебен закон, се разбира секој по својата дејност.

Јавните телекомуникациски мрежи ќе можат да градат и употребуваат и други правни лица на кои ќе се одобри вршење на јавна телекомуникациска услуга, а тоа е можно во областа на мобилната телефонија, пејџинг услугите, пренос на податоци, пренос и емисија на радио и телевизиски сигнали на локално и регионално ниво и мали сателитски услуги по пат на концесија во согласност со Законот. Со таквото решение е извршена до одреден степен либерализација на пазарот на телекомуникациски услуги со што е почитувано начелото на Уставот со кое се гарантира словото на пазарот и претприемаштвото и во областа на телекомуникациите. Меѓутоа, имајќи го во предвид степенот на развиеноста на основната телекомуникациска мрежа во нашата држава, која што сега изнесува 18 на 100 како густина големината на пазарот на телекомуникациските услуги на територија на Републиката, потребата од универзалност на основните телкомуника-

циски услуги и обврската на Републиката да обезбеди рамномерен и складен развој на телекомуникациите во сите региони на Републиката нужно е потребно да се утврдат и јавните телекомуникациски оператори со закон. Со овој закон не се дефинираат и јавните телекомуникациски оператори со намера тие како субјекти да се уредат со законот за јавните претпријатија или со други посебни закони.

Со одредбите за терминална опрема се предвидува обврска кон јавната телекомуникациска мрежа да може да приклучува на телекомуникациска терминална опрема која ги задоволува техничките норми согласно законските и други прописи.

Уредувањето на овие прашања е од посебно значење за телекомуникациите затоа што со примена на единствениот стандард и техничките регулативи се обезбедува хармонизација на телекомуникациската мрежа на Република Македонија, меѓусебна компатибилност на поединечните телекомуникациски мрежи и средства кои се користат за остварување на телекомуникациите, како и стандарден квалитет на услугите.

Телекомуникациските мрежи и средства со кои се остваруваат телекомуникациите можат да се проектираат, градат, одржуваат и користат во согласност со македонските стандарди, техничките услови и прописите донесени врз основа на закон.

Стандардизацијата во областа на телекомуникациите е доста сложена работа како од аспект на потребата на ангажирање на високостручни кадри и исто така и по обем и разноврсност на технички средства и телекомуникациски услуги кои треба да се стандардизираат.

Од овие причини изработката на техничките прописи предвидени со овој закон се предлага да ја вршат имателите на телекомуникациските мрежи односно јавните телекомуникациски оператори во согласност со министерот надлежен за телекомуникации односно на предлог на

јавните телекомуникациски оператори и истите да ги донесува министерот надлежен за телекомуникации.

На крајот, при одредување на решенијата за либерализација односно уредување на конкуренција на пазарот на телекомуникациски услуги се имаше во предвид состојбата и трендовите во земјите на Западна Европа. како што може да се види и од приложената табела која што е дадена во образложението конкуренцијата на пазарот на телекомуникациски услуги во овие земји е дозволена во областа на терминалната опрема, мобилните комуникации и дата комуникации додека доминантата телекомуникациска услуга, говорната телефонија е задржана да ја врши телекоком организација, администрациите односно државниот телекомуникациски оператор.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, многу зборови ми зема министерот и не е добро да ги повторуваме, но јас ќе се сконцентрирам на повеќе точки што "бодат" во законот, иако сме на крајот на трпението, на работниот ден, ќе се сконцентрирам на некои генерални забелешки на добар дел од членовите.

И самиот министер кажа дека ова е атрактивна материја која е многу комплексна и која зафаќа една интересна материја со која се одредува развојот и степенот на моќта на една модерна држава. Мора да се потенцира дека во оваа област се вртат големи средства и големи пари. Она што го кажа министерот така е, но во Законот не е така.

Да појдеме по ред со членовите.

Дискутабилен е членот 17. Основната телекомуникациска мрежа се гради, користи и одржува во согласност со генералниот план за телекомуникациската мрежа на РМ. Со овој член 17 на самиот почеток се суспендира јавниот оператор со тоа што ако се носи генералниот план ако го носат јавните оператори тогаш се прави една голема концентрација и централизација на еден човек т.е. на министерот со неговото дискреционо право да одлучува за определување на генералниот план. Ако знаеме дека генералниот план е основата за развојот на целата мрежа мислам дека многу голема централизација во една персона т.е. во министерот. На самиот почеток се суспендира јавниот оператор. Искуствата во светот кажуваат друго. за да не настане вакво недоразбирање постојат управи во многу држави, постојат совети кои се едно тело кое одлучува при распределбата и определувањето на фреквенциите. Ова се стручни и компетентни комисии, тоа се врвни стручњаци кои правото при распределбата на фреквенциите одлучуваат затоа што не е така едноставна работа и овде се вртат големи средства и големи пари. За да не стане сомнение при самиот почеток бидејќи е ова прва фаза на законот ова ќе биде сфатено како забелешки со тоа што се надевам дека министерот и неговите соработници ќе усогласат дел од ова, бидејќи низ многуте членови од Законот стои "министерот одлучува лично". Министерот, мислам дека е дадено преголемо дискреционото право на една персона. Ако се мисли дека треба да биде министерот заедно со министерство мислам да прифатиме како грешка, бидејќи министерството е тоа кое ќе одлучува. Изготвувачот на текстот дали згрешил или е намерно пишано не знам, при целата оваа лепеза на овие членови каде што се оди од член до член....

XIII/1.-РД/ОМ

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

Секаде се спомнува дискреционото право на министерот. Дискутабилен член е членот 36. Министерството поблиску ќе го уреди начинот на доделување и искористување на радио фреквенции и радио - станици. Мислам дека тука ќе биде оваа доста атрактивна материја, бидејќи во самиот закон не се правилно кажани правилата на играта минимумот и максимумот, затоа што ќе стане огромна борба при распределбата на фреквенциите. Знаеме дека постои еден хаос во Републиката, имаме да кажеме функционални системи тоа се ПТТ, ЖТП, ТВ, Радио и еден дел пиратски радио станици кои се приватни. Треба да се направи законот да биде таков да им се даде ист третман и исти права, како на функционалните системи, така и на приватните системи. Мора да се спомен дека иако тоа влегува во системот да се либерализира, мора да се каже дека една голема инвестиција во македонската радио телевизија со врски и предаватели се работи некаде повеќе од две ипол милијарди долари. Две ипол милијарди долари, тоа се огромни средства. Како ќе се спроведе ова треба да се направи и да се издвои тежината. Да се каже што е националното, што може да се приватизира што е од јавен интерес, од општ интерес, што е од економски интерес. Мислам дека во ова не е доволно кажано. Ако се има предвид дека овој закон мора да се носи заедно со законот за радијодифузија, бидејќи регулира исто така една материја која зафаќа со овој закон, би било умесно и добро мислам дека министерот ќе оцени, овие два закона да одат во паралела, за да не дојде до мешање. Тука се наметнува исто законот за ПТТ да се кажат некои основни контури и начела за да не дојде после до некои несакани последици, бидејќи исто и ова што ќе се случува да не биде суспендирано правото на јавниот оператор,зборувам за ПТТ на Македонија каде што ќе биде интересна

една тема тоа е мобилната телефонија каде што Македонија сакала или не ако сака да биде модерна европска земја мора да доживее мобилната телефонија. И тука се вртат огромни средства Ако се каже дека во наредниот период во ПТТ Македонија ќе се инвестираат 450 милиони долари мислам не треба да се кажува што значи тоа. Во секој случај овој закон носи една голема тежина. Она што треба да биде сведено на упростено доаѓање до дозволите, бидејќи овој закон фаќа повеќе ингеренции во повеќе министерства, за да не дојде до мешање на надлежностите и ингеренциите во ресорното министерство за урбанизам и ресорното министерство за телекомуникации, односно сообраќај издавањето на дозволите треба да се стави во самиот член да се најде една правна регулатива како може нај едноставно да се добие дозвола, бидејќи ќе дојде до помешување на ингеренциите на двете министерства при изградбата на радио станиците и фреквенциите.

Членот 48 дава дозвола за радио станицата и дозвола за работа на таа радиостаница да се издава за време од 5 години. Мислам дека во членот 48, 5 години е малку за дозвола за една радио станица, најреално би било она како што одредува законот за концесии, најмалку 10 години, бидејќи во третиот став во истиот член стои дозволата за радиостаница на воздухопловот пловило и локомотива се издава трајно. Мислам дека е многу мал временскиот период од 5 години , би било добро 10 години или повеќе. Она шот е интересно, тука опфаќа една материја за законот за концесии. Не е добро доработен законот за концесии, бидејќи таму се кажува дека и така ќе биде Владата е таа која ги дава концесиите. Не се дадени критериумите, минимумите и максимумите.

Во однос на членот 59 министерот надлежен за телекомуникации може со директорот на Заводот за стандардизација и метеорологија да утврди задолжителна примена и на други стандарди и да утврди други

услови за работа на комуникационите мрежи и средства. Ова други стандарди не е објаснето и не е дефинирано. Затоа што постојат единствени стандарди во целиот свет и светски не е можно, затоа што да се утврдат стандарди постојат три' министерства надлежни за ова. Тоа е Министерството за стопанство, Министерството за сообраќај и Министерството за наука. Тоа се однесува за атестирањето. Да не дојде утре да се дава едно право на една фирма да го врши атестот, да не биде една фирма од друга повластена.

Овие се генерални забелешки по членови, бидејќи ова е прва фаза и ќе биде сфатено и по едно укажување за законот да му се направи мајтап да се дотера , да излезе во едно подобро издание и би заклучил на крајот дека концентрацијата е на 3 или 4 моменти. Прво дека законот е либерален, но да се утврдат критериумите до каде, второ, дискреционото право на министерот мислам дека е многу отидено со тоа што да се замени со Министерството, механизмите и институциите кои треба да посредуваат во контролата на издавањето на дел од концесиите, давањето на рапавото на фреквенции, давањето правото на Телевизијата, давањето право на ред други даватели и корисници на овие телекомуникации да се оформи и да се предвиди управа која ќе биде стручна и компетентна, или совет во кој ќе има не само стручни и компетентни луѓе, туку ќе има и претставници од Парламентот за да може да биде на јавен увид.

Друго мислам дека законот се носи во прва постапка и би било добро да оди во паралела со законот за радиодифузија и законот за ПТТ врски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, веќе г-динот Дамевски на некој начин извести за работата на Комисијата така што во многу ја олесни мојата работа затоа што во голем дел нема да го изнесам тоа што беше кажано на Комисијата. Во секој случај сметам дека за едно прашање кое што е испуштено тука мислам само да се размисли во ресорното Министерство при изготвување на втората фаза, а тоа и го изнесов во работата на Комисијата на која беше даден еден одговор во кој што мене лично не ме задоволи, мислам дека треба да се изнајде решение кое ќе биде подецидно и ќе ги утврди условите под кои ќе настанат услови за работа на субјектот кој што врши одредена дејност во јавните телекомуникации. Имено во два члена тоа се спомнува во членот 9 и во членот каде што настануваат санкции при кој што настанува процедура за прекин на емитувањето и во оваа смисла сметам дека добро би било да се определат условите или пак да се повика на членот од Законот кој што ги одредува тие услови при кој што настанува истото и органот кој што ќе може да оцени дека тие услови се исполнети. Имено дали тоа ќе може било кој субјект од државната управа да го одреди или пак да се лоцира на кој орган од државната управа е содржано тоа право на оценување на условите за престанок на работата.

По однос на концесијата мислам дека некој прашања кој што беа поставени во Комисијата се доби еден задоволителен одговор, но остана една мала дилема околу тоа дали со овој закон не треба да се набројат и некои посебни услови при кој што на пример може да се додели концесија за надомест, таму каде што не постои интерес, или пак да се одреди некое апроксимативно некоја висина на концесијата за да не се остави преголем простор на тој што ја одредува висината на концесијата

да може во одредени услови да одредува самоволно и произволно висина на концесија. При ова јас поаѓам од претпоставката дека нема секогаш да бидат истите луѓе кој што мислам дека нема да се злоупотребува одредена позиција која што ја имаат, но да се одредат едни правила на игра кој што ќе важат за подолг период. И на крајот мислам дека од страна на Комисијата беше заклучено да се поддржи Предлогот аз донесување на законот и предлага Собранието истиот да го усвои со забелешките кои што се дадени од страна на Комисијата.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Сакам да предложам заради демократија во ТВ информирањето да размисли предлагачот на законот околу формирање на едно независно национално тело во Републиката кое што ќе бдее над праведната положба на фреквенциите од радиодифузната проблематика. Ова од аспект што тоа базира на евроконвенцијата за човекови права од областа на радио - дифузната проблематика. Така на пример во Франција постои национална комисија за комуникации и слободи како државно тело со мандат од 9 години кој што членуваат луѓе кои што се по својот третман равни на највисоки државни функционери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам сите пратеници да бидат повикани да влезат во салата, бидејќи пристапуваме кон гласање.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за телекомуникации.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и укажувањата од расправата ка седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за сообраќај и врски

Кој е за молам, да крене рака?(66)

Кој е против?(Никој)

Кој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложените заклучок.

Минуваме на **точка Единаесет** - Информација за состојбите во врска со откупот на пченицата.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Оваа точка на дневен ред откупот и исплатата на пченицата е од исклучително големо значење, поготово делот на исплатата на пченицата од што зависи извршувањето на самата есенска сеидба. Ние на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанстзо која беше одржана седницата на 30 август ја. имавме разгледување оваа точка и се договоривме од надлежните министерства, Министерството за стопан-

ство, Министерството за земјоделство и Министерството за финансии да подготват заедничка информација во која информација не да биде оваа информација како што беше сега за еден ден подготвена, туку информација која ќе биде внесена динамиката на исплатата на пченицата. И на која ќе може секој да се осврне на таа динамика и да биде подготвен за извршување на есенската сеидба. Затоа барам од името на Комисијата оваа точка да биде одложена за наредната седница како што беше договорено и на Комисијата односно за 12, а Комисијата зас дава на 11, што значи прво ќе може да оди на Комисија , а потоа и на седница.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на вчерашната наша седница ние донесовме Одлука денес да расправаме за состојбите со откупот, сместувањето и исплатата на пченицата. според тоа, не може пратеникот Јанкуловски да бара одлагање на оваа точка. јас предлагам, со оглед на тоа што овде нема присутен ниеден од претставниците на нашата Влада која за жал и овој пат не одговорно се однесува спрема земјоделците, предлагам оваа точка да се разгледа на првата наредна седница, како права точка од дневниот ред. Сепак морам уште еднаш да потенцирам дека навистина оваа држава не ја интересира земјоделството и за тоа и оваа стопанска гранка како и другите од ден на ден ќе тоне. Сметам дека министерот Ангелов сепак не може да избега од одговорноста за да каже кој колку пченица увозел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не расправаме за тоа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Дозволете ми да се искажам затоа што увозот на 220.000 тони пченица ја предизвика оваа состојба денес пченицата да не биде ниту

откупена, ниту пак исплатена, па ниту постојат шанси таа во текот на овој месец да се исплати.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Јас исто така предложив да се одложи, бидејќи така се договоривме на Комисија оваа точка да биде на 12 што значи ништо немаме различно со она што Тантаров го предложи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предложено е да имаме писмени информации по сите овие содржини и на наредната седница, значи се одлага само до вторник за да може Комисијата во понеделник да претресе тоа што се писмени материјали и во вторник да биде на дневен ред.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сметам дека игрите со откупот на пченицата треба да престанат. Да речеме дека оваа седница е прекината и ќе продолжи на 12. Меѓутоа ние не бараме писмена информација за состојбите со пченицата. Министерот ќе каже усмено. Писмената информација ќе не отера да расправаме дури по нова година. Дотогаш треба да сееме и треба да мислиме што идната година ќе жнееме. Инаку барам Владата на Република Македонија за наредната седница да достави писмена информација кои се увозниците на 220.000 тони пченица и за нив да се поведе одговсоност. Ако треба да гласаме и доверба на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Писмената информација е доставена од Владата и ќе се умножи. Тука нема никакви пречки.

XIII/9.-

Замолени сме од Пратеничката група на Либералната партија да прекинеме бидејќи имаат важен состанок, според тоа, ќе завршиме со првата точка околу Информацијата за македонско - грчките односи. За терминот ќе бидете дополнително известени.

Седницата заврши во 17,40 часот.